РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ„СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА – СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА

## ФАКУЛТЕТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА

## 1 МАЈ 2024 - 30 АПРИЛ 2025 ГОДИНА

ДЕКАН

ПРОФ. Д-Р МИЛЕ МАРКОСКИ

## СОДРЖИНА НА ИЗВЕШТАЈОТ


КРАТОК ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ КОИ ГО ОДБЕЛЕЖАА ПЕРИОДОТ ... 3
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ ... 7
- Прв циклус студии ... 7
- Втор циклус студии ... 13
- Трет циклус студии (докторски студии) ... 14
- Комисија за настава ... 15
- Активности на Советот за втор циклус студии ... 17
- Евалуација на наставата и наставниот кадар ... 17
- Систем за квалитет на ФЗНХ ... 17
- Активности на комисијата за спорт и студенти ... 19

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ ... 20
- Активности на Комисијата за наука ... 20
- Научноистражувачка и апликативна дејност ... 20

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ... 22
- Активности на Комисија за меѓународна соработка ... 22
- Меѓународни научноистражувачки проекти ... 23
- Мобилност на наставно-научен кадар и студенти ... 25
- Билатерална соработка со универзитети од Европа и светот ... 29
- Визитинг професори ... 30
- Меѓународни конференции ... 31
- Петти меѓународен симпозиум за земјоделство и храна – ISAF2025 ... 32
- Останати активности од меѓународен карактер ... 32
- Асоцијација на факултети за земјоделски науки од Југоисточна Европа ... 33
- Споделени информации за стипендии и тренинг програма наменети за студенти ... 33

ЗАСТАПУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО ФАКУЛТЕТОТ ... 34
РАБОТА НА НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ ... 34
РАБОТА НА ДЕКАНАТСКАТА УПРАВА ... 36
РАЗВОЈ, ИНВЕСТИЦИИ И ЈАВНИ НАБАВКИ ... 36
СТРУЧНИ СЛУЖБИ НА ФАКУЛТЕТОТ ... 37
- Кадровски активности и стручни служби ... 38

ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ... 38
ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДЕНОТ НА ФАКУЛТЕТОТ ... 39
АКТИВНОСТИ НА СТУДЕНТИТЕ ... 40
СОРАБОТКА СО ИНСТИТУЦИИ И ДРУГИ ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ ... 41
ЦЕНТАРОТ ЗА КАРИЕРА НА ФЗНХ ... 41

## КРАТОК ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ КОИ ГО ОДБЕЛЕЖАА ПЕРИОДОТ

Согласно со Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Деканот на Факултетот е должен еднаш во годината до Наставно-научниот совет и до Ректорот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје да достави ИЗВЕШТАЈ за својата работа. Поаѓајќи од законските одредби за надлежностите на деканот на Факултетот, за да се добие целосен увид во работата, потребно е накратко да се отсликаат сите активности што се одвивале на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје во периодот од 1.5.2024 до 30.4.2025 година.

Во воведот, накратко ќе бидат нотирани некои главни активности во работата на деканот во првата година од работењето во мандатниот период 1 мај 2024 до 30 април 2025 година, а понатаму во извештајот ќе бидат презентирани и сите други не помалку важни активности одбележани во овој период.

Работните тела на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје редовно ги реализираа своите активности и обврски. За таа цел, Наставно-научниот совет на Факултетот одржа 10 редовни и 1 вонредна седница, додека Деканатската управа реализираше 9 редовни и 2 вонредни седници. Исто така, комисиите, советите и другите работни тела на Факултетот редовно заседаваа согласно своите надлежности.

Со отпочнувањето на мандатот на деканот, а со цел конституирање на Деканатската управа на ФЗНХ, една од приоритетните активности беше избор на тројца продекани.

На првата седница на ННС, одржана на 13.5.2024 година, за мандатен период 2024-2027 година со тајно гласање беа избрани 3 продекани на ФЗНХ, и тоа: проф д-р Ивана Јанеска Стаменковска – продекан за меѓународна соработка и финансии, проф д-р Билјана Кузмановска – продекан за настава и проф. д-р Тошо Арсов – продекан за наука и соработка со стопанство и развој.

На втората седница на Наставно-научниот совет на ФЗНХ одржана на 12. 6. 2024 година беа избрани и Комисиите на факултетот како и Советот за втор циклус студии на факултетот за мандатен период 2024-2027 и тоа: Конкурсна комисија за реализирање на конкурсот за упис на студенти на ФЗНХ, Комисија за настава, Комисија за наука, Комисија за меѓународна соработка, Комисија за нормативна дејност, Комисија за издавачка дејност, Комисија за работа на библиотеката, Комисија за спорт и студентски активности, Дисциплинска комисија за одговорност на студентите на ФЗНХ-Скопје.

Со почетокот на мандатот на деканот, а во согласност со статутот на Факултетот и Правилникот за внатрешната организација на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и

Методиј” во Скопје беа избрани и раководители на организационите единици – Институти на ФЗНХ за мандатен период 2024-2027 и тоа: проф. д-р Вјекослав Танасковиќ - Институт за животна средина, проф. д-р Ленче Велкоска Марковска - Институт за храна, проф. д-р Ристо Еленов - Институт за Агроеконмика, проф. д-р Мирјана Јанкуловска - Институт за растително производство, проф. д-р Марјан Кипријановски - Институт за овоштарство, лозарство и винарство, проф. д-р Иле Цанев - Институт за заштита на растенијата и земјоделска техника и проф. д-р Среќко Ѓорѓиевски - Институт за анимална биотехнологија.

Посебен акцент во овој период беше ставен на добивањето на акредитација на студиската програма по Дигитално земјоделство на прв циклус студии во организација на ФЗНХ со заедничко учество на ФИНКИ, ФЕИТ и Машински факултет. На 02.7.2024 година со арх. бр. 08-61/4 Факултетот го доби решението за почеток со работа на оваа студиска програма, со што успешно заврши претходно започнатиот процес.

Исто така како успех може да се нотира и добивањето на акредитација на студиската програма на втор циклус академски студии под името Фитомедицина од Агенцијата за квалитет во високото образование на РСМ со арх.бр. 08-1331/9 од 25.9.2024 год.

Финансиското работење, развојот и инвестициите на Факултетот и понатаму се предизвик, за што управата водеше соодветна и рационална политика на трошење на финансиските средства, а во текот на периодот обезбедени се значителен износ на капитални инвестиции наменети за промена на осветлувањето, реновирање на санитарните јазли, како и набавка на земјоделска механизација и компјутерска опрема. Исто така, главен акцент и натаму се става на редовно одржување на обврските во наставата, поддршка на наставно-научниот кадар за учество на домашни и меѓународни собири, објавување трудови во списанија итн. Секако, особено е значајно да се истакне дека во овој извештаен период се забележува подобрување на состојбата со платите на вработените, особено преку зголемувањата утврдени согласно колективен договор со работодавец.

Во однос на кадровската политика, Факултетот доби согласност од надлежните министерства за вработување на вкупно 15 лица на определено време, со важност до 31.12.2024 година. Одобрени се следните работни позиции: три (3) за виши лаборанти, три (3) за лаборанти и девет (9) работни места во стручните служби, и тоа: раководител на Одделението за општи и правни работи, раководител на Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење, чувар, курир, хигиеничари и виш соработник за финансиско, сметководствено и материјално работење.

Дополнително, Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје доби согласност за 15 работни места на определено време со важност до 31.3.2025 година. Одобрени се четири (4) работни места за виши лаборанти, три (3) за лаборанти и осум (8) работни позиции во стручните служби, меѓу кои се

вклучени: раководител на Одделението за општи и правни работи, раководител на Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење, чувар, курир и хигиеничари.

На 26.3.2025 година со арх.бр. 19-3111/2 ФЗНХ-Скопје доби позитивно известување за добивање согласност на НЕОПРЕДЕЛЕНО за 15 работни места и и тоа 4 виши лаборантски, 3 лаборантски и 8 работни места во стручните служби со што се реши овој проблем со недостаток на работни места на факултетот.

Од надлежните Министерства за образование и финансии, на 19.3.2025 год со арх.бр.19-2682/2, Факултетот доби согласност за вработување на наставен кадар и тоа едно работно место доцент во научната област Одржлив урбан развој и заштита на животна средина (2.11.01.05). Постапката за ова целосна реализација на ова работно место е во тек.

Исто така, Факултетот поднесе барања за обезбедување на 4 соработници - асистенти, 1 унапредување и 1 работно место архивар, за кои се уште се чека одговор од надлежните министерства.

Во извештајниот период изработен и донесени се значајни акти - Правилник за внатрешна организација на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Правилник за систематизација на работните места на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје (Анекс бр.15).

Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје донесе и Правилник за начинот на вршење на видео-надзор на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје и е еден од ретките кои го имаат ова регулирано согласно со Законот за заштита на личните податоци. Со поставувањето и имплементирањето на видео надзорот на просторите и дворот на факултетот се вложи во безбедноста и сигурноста на факултетските простории, дворот и паркинг просторот.

Деканската управа во овој мандатен период ја донесе и Одлуката за поставување на рампа за регулирање на паркинг просторот во кампусот на УКИМ - Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг Ханс Ем , УКИМ - Земјоделски институт-Скопје, УКИМ-Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје и УКИМ-Факултет за дизајн и технологија на мебел и ентериер-Скопје. Со оваа одлука факултетот го реши и паркирањето на возилата на вработените, со тоа што на секој вработен му беше доделен електронски читач – таг.

Во овој мандатен период им се оддаде почит и на пензионираните професори во 2024 година. На предлог на Деканската управи, Наставно-научниот совет на ФЗНХ донесе одлука за доделување на благодарници на пензионирани редовни професори во академската 2023/2024 година на Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје.

Во извештајниот период е избран и организацискиот одбор на V. меѓународен симпозиум за земјоделство и храна во организација на ФЗНХ, (ISAF 2025). Организацискиот одбор го утврди датумот на одржување и локацијата на симпозиумот. Симпозиумот ќе се одржи во периодот 8-10.10.2025 во Охрид, Хотел Метропол и Белви. Организацискиот одбор го усвои и соопштението и сите останати одбори (научни, меѓународни, секретаријат и почесен одбор) на ISAF 2025.

На 24.9 2024 во посета на Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје беше Секретарот на министерството за земјоделство на Сојузна Република Германија, кој заедно со Министерот за земјоделство шумарство и водостопанство, г-дин Цветан Трипуновски, одржаа работен состанок со Деканот и Деканската управа на ФЗНХ, на кој беа разгледани можностите за понатамошна соработка.

Во извештајниот период остварени се и бројни други активности кои го одбележаа работењето на Факултетот, како што се: подобрување на проектната соработката на Факултетот, подобрување на меѓународната соработка, обезбедување на повеќе директни соработки со стопанството, обезбедување услови за редовна акредитација на лабораториии на Факултетот, подобрување на издавачката дејност, поддршка на учества на меѓународни и домашни собири (симпозиуми, конференции) итн., за што подетално ќе презентираме.

подолу.

Друштвото за применети истражувања и перманентно образование во земјоделството – ДИПОЗ, во периодот од 01.05.2024 до 30.04.2025 година, во соработка со Деканот и Деканатската управа на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје во состав на УКИМ ги презема следниве активности:

По издавањето на решение за запишување во регистерот на трети лица што го води МЗШВ, ДИПОЗ-ФЗНХ ДООЕЛ Скопје започна активности за вршење на испитување на продуктивноста или на генетската вредност на животните од видовите говеда, овци и свињи, а сето тоа спроведена според новиот закон за зоотехника. Решението за регистрација на ДИПОЗ-ФЗНХ ДООЕЛ Скопје се издава за период од 10 години од страна на МЗШВ.

Склучени се меморандуми за соработка во научната и стручната дејност од областа на хемијата во земјоделството и развојот и апликација на производи со ФХКИ Алкалоид АД Скопје (како што е на пример примената на течни – минерални ѓубрива, апликација на ѓубрива, биостимулатори, други хемиски соединенија и слично).

ДИПОЗ-ФЗНХ ДООЕЛ Скопје ги обнови и склучи нови договори за научно-апликативна сосаботка и со други компании од државата како: Агрохемија ДПТУ ДООЕЛ; Агриматко ДООЕЛ, Илинден – Скопје; Д.Т.У. Агромаркет Игор дооел Струмица; Агро Јуником Д.О.О.Е.Л СКОПЈЕ; Агролозар АД; Макманиа ДООЕЛ; Плант-Микс ДООЕЛ; В Еден Солушанс ДОО; Холанд Фарминг Струмица; Магро

Хемикал Д.О.О Скопје; Риго Импекс ДОО; Хемомак Пестициди; Маган – Мак; ДПТТУ Манов ДОО; Агростарт Куманово; ДПТУ Силабо ДООЕЛ Струмица; Синпекс ДОО Битола; Тутунски комбинат АД Прилеп; Секее Прилеп, Соко-Таб Битола и др.

Опитно поле - ФЗНХ и понатаму покажува позитивно финансиско работење. На површините на Опитно поле се поставени 3 пластеници со вкупна површина од 1200 $m^2$ инвестиција преку преку проект на IEAE со кои координираат проф. д-р Мирјана Јанкуловска. Редовно се одржува и Ген – Банката за автохтони овошни видови, проект кој го финансира Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а го координираат колегите од катедрата за овоштарство – проф. д-р Марјан Кипријановски, проф. д-р Тошо Арсов и м-р асистент Никола Сарагиновски. На површините беа поставени и опити за постконтрола на семенски материјал на житни култури, координирани од проф. д-р Дане Бошев. Како резултат на соработката со општествено одговорни компании се врши реконструкција на патната инфраструктура, рамнење на површините, чистење на стари насади и корнење на стара коренова маса, чистење на диви депонии и сл. Овие активности ќе продолжат и во наредниот период.

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

### Прв циклус студии

Наставата на прв циклус студии е една од основните и клучните дејности на Факултетот. Во текот на академската 2024/2025 година, наставата на прв циклус студии се одвиваше на вкупно 11 студиски програми, а истата беше речиси целосно покриена од вработени наставници на Факултетот. За покривање на наставата на мал дел предметни програми, беа ангажирани наставници од други единици на УКИМ, и тоа: на предметните програми Математика и Компјутерски апликации беше ангажиран наставник од ПМФ, на предметната програма Анатомија на животни - наставник од Факултетот за ветеринарна медицина, на предметата програма Нацртна геометрија - наставник од ФДТМЕ, на предметната програма Основи на програмирање – наставници од ФИНКИ, на дел од предметната програма Гео-информатика во земјоделството – наставник од Шумарскиот факултет и на предметната програма Спорт и здравје – наставник од Факултетот за физичко образование, спорт и здравје.

Како редовна обврска во работата на Факултетот, ННС на ФЗНХ усвои академски календар на активности за учебната 2024/2025 година, во кој е даден целосен преглед на сите активности поврзани со наставно-образовниот процес на Факултетот, како што се: почетокот и крајот на академската година, датуми за запишување семестар, датуми за заверка на семестар и датуми за редовните и

дополнителни испитни сесии. Врз основа на доставените податоци од наставниците, беше изготвен и распоред на редовни и дополнителни испитни термини за секоја предметна програма, кои беа објавени на веб страната на ФЗНХ. Академскиот календар беше исто така навремено објавен на веб страната на ФЗНХ, пред почетокот на учебната година.

Наставата на прв циклус студии во академската 2024/2025 година се изведуваше редовно, согласно усвоениот распоред на часови за зимскиот и летниот семестар. Распоредот на часови пред почетокот на секој семестар беше навремено доставен до наставниот кадар и јавно објавен на огласната табла и веб страната на ФЗНХ. За поефикасно и непречено спроведување на наставниот процес, на веб страната на факултетот беа објавени и термини за консултации за двата семестри кај секој наставник и соработник.

Сите тековни информации и соопштенија поврзани со наставата, реализацијата на колоквиуми, испити, одбрана на дипломски/магистерски трудови транспарентно се објавувани на огласната табла, веб страната на Факултетот и преку I-know системот.

Во академската 2024/2025 година (јули 2024 година, септември 2024 година и мај 2025 година), пријавени се нови 87 наслови на теми за изработка на дипломски труд, кои се усвоени на ННС и објавени на веб страната на ФЗНХ.

На почетокот на секој семестар од академската 2024/2025 година, беше извршен целосен преглед на аудио-визуелната опрема во амфитеатрите и предавалните, Wi-Fi уредите и мрежата и истовремено се овозможени соодветни работни услови во предавалните и амфитеатрите на Факултетот. Во предавалните бр. 76 и 77 старите LCD проектори беа заменети со нови.

Во мај 2024 година е изготвен образец за Извештај за завршно оценување, кој на почетокот на јунската испитна сесија е доставен до сите наставници на ФЗНХ. Обврската за поднесување на извештајот за завршно оценување произлегува од член 56 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот Св. “Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски Гласник бр. 417 од 2019 година). Согласно наведениот правилник, поднесувањето на извештајот е задолжително за сите наставници на ФЗНХ. Извештајот има трајна вредност и се чува во службата за студентски прашања во оригинална форма.

На 4 седница на ННС, беше усвоен и Преглед на ангажираност на наставничкиот и соработничкиот кадар на прв циклус студии на ФЗНХ за академската 2024-2025 година, кој е објавен и јавно достапен на веб страната на ФЗНХ. Заради укажана потреба, ННС на ФЗНХ, на седниците одржани на 18.10.2024 и 30.01.2025 година донесе одлуки за измена на прегледот на ангажираност на наставничкиот и соработничкиот кадар на ФЗНХ, кои се исто така објавени и достапни на веб страната на ФЗНХ.

Во извештајниот период, беа изработени Правила на студирање на прв и втор циклус студии на ФЗНХ, кои беа разгледани и усвоени од Комисијата за настава и Деканатска Управа, а на 4 седница на ННС, одржана на 17.9.2024 година беше донесена и **Одлука за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии)** на Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје. Одлуката за правила за студирање беше усвоена и на Комисијата за нормативна дејност на УКИМ, по што беше објавена во Универзитетски Гласник (бр. 702/2024). Одлуката за правилата на студирање на прв и втор циклус студии на ФЗНХ е објавена на веб страната на ФЗНХ.

За навремено и успешно реализирање на вежбите на одредени предметни програми, а на барање на три Институти на ФЗНХ (Институт за храна, Институт за агроекономика и Институт за животна средина), во академската 2024/2025 година беа ангажирани четири демонстратори кои се финансираат од сопствени средства на Факултетот.

Со цел подобрување и проширување на теоретските и практичните искуства на студентите на Факултетот за земјоделски науки и храна, во учебната 2024/2025 година, беа ангажирани пет визитинг професори и 10 истакнати стручњаци од пракса. Како визитинг професори во учебната 2024/2025 година беа ангажирани: проф. д-р Hossein Azadi од University of Liège, Belgium и Guest Professor од University of Ghent, Belgium; проф. д-р Кирил Д. Христовски, Program Chair Environmental and Resource Management Program, The Polytechnic School, Ira A. Fulton Schools of Engineering од Arizona State University; проф. д-р Зорица Средојевиќ од Земјоделски факултет при Универзитетот во Белград, Р.Србија; проф. д-р Миљан Цветковиќ од Земјоделски факултет при Универзитетот во Бања Лука, Босна и Херцеговина и проф. д-р Мирела Кајкут Зељковиќ од Универзитетот во Бања Лука, Република Српска.

Како истакнати стручњаци од пракса беа ангажирани: д-р Констатин Коцев, д-р Сања Стојоска, д-р Маја Димитровска, м-р Анита Најденкоска, м-р Васко Манев, м-р Никола Кузмановски, м-р Даниела Ристоска, Мери Илиеска, Ристе Ѓорѓиев и Боге Трајковски.

Во учебната 2024/2025 година, Факултетот за земјоделски науки и храна воспостави тесна соработка со 8 компании од земјоделско-прехранбениот сектор (ГД Тиквеш Кавадарци/ВВ Милев, Алијанса Кавадарци, Агриа Велес, Пекабеско Скопје, Римес Скопје, Агројуником Скопје, КИМ Неготино, Аргулица Штип) и една државна институција (Агенција за храна и ветеринарство), преку организирање на практична настава за студентите од трета и четврта година во текот на летниот семестар во учебната 2024/2025 година. Практичната настава во компании е важен дел од образовниот процес, кој им овозможува на студентите да ги применат теоретските знаења во пракса, да се запознаат со работната средина, да научат како функционираат компаниите и да стекнат специфични вештини кои се ценети на пазарот на трудот. Практичната настава се одвиваше

во текот на целиот семестар, при што студентите имаа можност стекнатите теоретски знаења да ги применат во пракса и истовремено да учат од предметните наставници и менторите во компаниите. Реализацијата на практичната настава во компании беше поддржана од Проектот “Образование за вработување 4Е4”, со посредство на УКИМ.

По повод јубилејот на ФЗНХ, на 12.12.2024 година, се одржа традиционалната 15. Смотра на студентски трудови. На смотрата беа пријавени вкупно 8 трудови, од кои 7 трудови од студенти од ФЗНХ при УКИМ и 1 труд од студент на Биотехничкиот факултет при УКЛО. На сите учесници на смотрата им беа доделени сертификати за учество, а за првпат Факултетот додели и стимулативни награди/подароци на најдобрите 3 студентски трудови, кои беа обезбедени од претставникот на Сингента, Швајцарија, Благој Сиваков.

Во функција на подобрување на наставниот процес на ФЗНХ, а согласно усвоениот Годишен акциски план на ФЗНХ за учебната 2024/2025 година, во извештајниот период беа организирани и спроведени 2 обуки за наставниот кадар. Со цел поттикнување на професионалниот развој, педагошките и техничките вештини на наставниот кадар, на 25.4.2025 година беше спроведена обука на тема: “Стратегии и техники на поучување”. Обуката ја реализираше проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ од Филозофски факултет при УКИМ. Втората обука беше спроведена на 28.4.2025 година на тема: “Од податоци до знаење: Вештачка интелигенција (ВИ) во образованието и науката”, со цел запознавање со начините на кои алатките базирани на вештачката интелигенција го збогатуваат и поддржуваат процесот на учење и истражување без да се компромитира академскиот интегритет и етичките принципи. Обуката беше реализирана од проф. д-р Петре Ламески од Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) при УКИМ, а освен за наставниот кадар беше наменета и за студентите на ФЗНХ.

Во учебната 2024/2025 година, дел од наставно-научниот кадар на ФЗНХ беше ангажиран за изведување на настава на две единици на УКИМ, и тоа: проф. д-р Зоран Поповски на ТМФ и проф. д-р Мирјана С. Јанкуловска и проф. д-р Ленче В. Марковска на Фармацевтскиот факултет. Исто така, проф. д-р Ѓоко Буневски е повторно ангажиран за реализирање на настава како визитинг професор во Република Словенија, на Факултетот за земјоделство и наука за животот, на додипломски студии по предметите Етологија и Економика и технологија на одгледување коњи во летен семестар во академската 2024/2025 година, додека проф. д-р Зоран Поповски беше ангажиран како визитинг професор на Земјоделско-прехрамбениот факултет при Универзитетот во Сараево, Босна и Херцеговина, на предметот Биохемија, кој се слуша во летниот семестар во академската 2024/2025 година.

Во извештајниот период, постапено е по вкупно 31 барање за еквиваленција на положени предмети на прв циклус студии на студиски програми на ФЗНХ или на студиски програми на друг факултет при УКИМ, како и

по вкупно 16 барања за еквиваленција на претходно положени предмети на втор циклус студии на студиски програми на ФЗНХ.

Во мај 2024 година е воведен формулар за причини за напуштање на студиите, кој студентите задолжително го пополнуваат при барање за испис од ФЗНХ. Податоците од формуларот се внесуваат во електронска база која овозможува следење на состојбите и изготвување на соодветни анализи. Во извештајниот период (мај 2024-мај 2025) се поднесени вкупно 11 барања за испишување од ФЗНХ, а како најчести причини за напуштање на студиите се наведени: поради запишување на друг факултет и поради немање интерес за оваа област.

- **Упис на студенти на прв циклус студии**

Согласно објавениот Конкурс за запишување на студенти во прва година во академската 2024/2025 година од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Одлука на Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 02-326/3 од 23.2.2024 година), на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, беа реализирани уписи во трите предвидени рокови. На 11-те акредитирани студиски програми на прв циклус студии во учебната 2024/2025 година се запишаа вкупно 75 студенти, од кои 48 редовни и 27 вонредни. Најголем број студенти се запишаа на студиските програми: Квалитет и безбедност на храна (14), Дигитално земјоделство (13), Агроекономика (10) и Заштита на растенијата – Фитомедицина (9). Во однос на претходната учебна 2023/2024 година, бројот на запишани студенти во учебната 2024/2025 забележа пораст од 25%.

Првиот академски час за запишаните студенти на прв циклус студии во учебната 2024/2025 година, беше организиран на 1.10.2024 година, на кој им беа свечено доделени и индексите.

- **Промотивни активности на ФЗНХ за запишување на студенти**

Во извештајниот период, ФЗНХ организираше голем број на промотивни активности со цел зголемување на бројот на запишани студенти на сите циклуси на студии. Фокусот беше главно насочен на првиот циклус студии, а главната целна група беа учениците од четврта година во средните стручни училишта (земјоделско-ветеринарна и прехранбена струка).

Во соработка со Државниот испитен центар, полагањата на екстерните предмети за државна матура за учебната 2024/2025 година, за вкупно 379 ученици од средните училишта СУГС „Марија Кири Склодовска“ и СУГС „Браќа Миладиновски од Скопје, се одржаа во просториите на Факултетот за земјоделски науки и храна. Со цел непречено одвивање на полагањето на државната матура, ФЗНХ ги стави на располагање сите потребни просторни капацитети, а дополнително обезбеди безалкохолни пијалоци и кондиторски производи во функција на намалување на стресот кај матурантите и поддршка во текот на процесот. По завршување на полагањето на екстерните предмети,

на матурантите им беа презентирани студиските програми на ФЗНХ, како и можностите и придобивките од студиите.

По повод одбележувањето на 77 годишниот јубилеј, Факултетот за земјоделски науки и храна за првпат организираше и СМОТРА НА СРЕДНОШКОЛСКИ ТРУДОВИ. Целта на смотрата беше да се презентираат трудови/проектни задачи изработени од средношколци од четврта година под заедничко менторство на професори од средните стручни училиште и професори од Факултетот за земјоделски науки и храна. Смотрата се одржа на 12.12.2024 година, а на истата земаа учество вкупно 17 ученици од четврта година од средните стручни училишта: СУГС "Браќа Миладиновци" – Скопје, СОУ "Орде Чопела" – Прилеп и СУГС "Марија Кири Склодовска" – Скопје. На сите учесници им беа доделени сертификати за учество, а за најдобрите 3 трудови беа доделени и материјално награди/подароци кои беа обезбедени од претставникот на Сингента, Швајцарија, Благој Сиваков. За најдобриот презентиран труд (освоено прво место), Факултетот обезбеди награда во форма на ослободување од партиципација во прва година од студиите, доколку ученикот се запише на ФЗНХ во учебната 2025/2026 година.

По успешната реализација и големиот интерес за учество на смотрата на средношколски трудови од страна на учениците во средните стручни училишта, Факулетот организираше и КВИЗ НА ЗНАЕЊЕ – "СО ЗНАЕЊЕ, ПРЕКУ ТРАДИЦИЈА ДО ИНОВАЦИИ" за учениците од средните стручни училишта од земјоделско-прехранбената струка. Квизот на знаење беше организиран во две дисциплини – Примарно земјоделско производство и Прехранбена технологија. Квизот се одржа на 11.4.2025 година, а на истиот учествуваа вкупно 22 ученици од четврта година (по 11 во секоја дисциплина) од средните стручни училишта: СУГС "Браќа Миладиновци" – Скопје, ДСУ Киро Бурназ – Куманово, СОУ "Орде Чопела" – Прилеп и СУГС "Димитар Влахов" – Скопје. На сите учесници им беа доделени сертификати за учество, а за тројцата најдобро рангирани учесници во секоја дисциплина беа доделени награди во форма на пакет производи од 6 реномирани компании од прехрабениот сектор, кои прифатија да бидат спонзори на настанот (Жито Лукс-Скопје, Европа-Скопје, Виталиа-Скопје, Вивакс-Скопје, Мамас-Струмица и Винчини-Виница). За најдобро рангираните учесници во двете дисциплини (освоено прво место), Факултетот обезбеди награда во форма на ослободување од партиципација во прва година од студиите, доколку учесниците се запишат на ФЗНХ во учебната 2025/2026 година.

Факултетот за земјоделски науки и храна зема активно учество и на **Саемот за образование 2025, кој се одржа на 15 март во Skopje City Mall.** Саемот беше во организација на Студентарија – најголемата студентска заедница во РС Македонија, а беше одлична можност да се претстават можностите кои ги нуди нашиот факултет и да се презентираат студиските програми на прв циклус студии пред идните студенти. На настанот присуствуваа

голем број ученици од средни училишта од Скопје, Куманово, Тетово, Битола, Охрид, Штип, Виница и Крива Паланка.

Во организација на Младинскиот Центар Охрид, на 30.4.2025 година се одржа и традиционалниот Саем за образование и кариера, кој е насочен кон идните студенти, а служи како платформа за презентирање на образовни можности и кариерни патеки. Факултетот беше еден од учесниците на саемот, на кој на матурантите од општините Охрид и Струга им беа презентирани студиските програми на ФЗНХ, како и можностите кои ги нуди факултетот.

Покрај сите горенаведени активности, промоцијата на студиските програми на ФЗНХ се одвиваше и со непосредна посета на матурантите во најголем дел од средните училишта во државата, а за таа цел беа изработени и нови промотивни материјали. Меѓудругото, промоцијата на Факултетот континуирано се врши и по електронски пат, преку користење на различни социјални мрежи, настапи на радио и телевизија, организирање на кариерен ден на ФЗНХ и слично.

- **Дипломирани студенти на прв циклус студии**

Во извештајниот период, на сите студиски програми на прв циклус универзитетски студии на Факултетот за земјоделски науки и храна дипломирале вкупно 64 студенти.

- **Акредитација на прв циклус студии**

Во предвидениот период за доставување на извештајот, од Одборот за акредитација (ОА) и Агенцијата за квалитет во високото образование (АКВО) добиено е решението за акредитација и почеток со работа на студиската програма Дигитално земјоделство.

**Втор циклус студии**

Наставата на втор циклус студии се одвиваше главно преку консултации, а испитите се реализираа навремено согласно годишниот распоред на термини објавен на огласната табла и веб-страната на Факултетот, во согласност со Академскиот календар на активности. За изведување и реализирање на наставата и соодветно следење на административните обврски, наставниците на втор циклус студии доставуваат извештај за реализирана настава.

- **Упис на студенти на втор циклус студии**

Согласно објавениот заеднички Конкурс за запишување на втор циклус универзитетски студии на УКИМ во учебната 2024/2025 година, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје во двата уписни рока се запишаа вкупно 21 студент (прв рок 9 студенти и втор рок 12 студенти).

За запишаните студенти од двата уписни рокови на втор циклус студии беше организиран прв академски час со свечено доделување на индекси.

- **Дипломирани студенти на втор циклус студии**

Во текот на извештајната година, на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје магистрирале вкупно 8 студенти.

- **Акредитација на втор циклус студии**

Во предвидениот период за доставување на извештајов, од Одборот за акредитација (ОА) и Агенцијата за квалитет во високото образование (АКВО) добиено е решението за акредитација и почеток со работа на студиската програма Фитомедицина.

**Трет циклус студии (докторски студии)**

На трет циклус студии, наставата се реализираше со студентите запишани во учебните 2022/2023, 2023/24 и 2024/2025 година, како и со студенти кои имаат презапишано предмети и години или доцнат со реализирање на обврските предвидени согласно планот и структурата на студиската програма. Во текот на реализацијата на III циклус студии, докторандите при ФЗНХ учествуваа со јавна презентација на годишни конференции, реализираа пријави на теми за изработка на докторски труд, учества на меѓународни и домашни конференции итн.

Во извештајниот период, од страна на сите совети на студиски програми на трет циклус студии на Факултетот, а врз основа на Одлука на ННС на ФЗНХ беше доставен предлог-конкурс за упис на студенти во учебната 2024/2025, година и истиот беше предложен до УКИМ, заедно со:

1. Листа на потенцијални ментори за академската 2024/2025 година со број на слободни места,
2. Одлука за број на студенти,
3. Одлука за условите и критериумите за упис, Одлука за износ на школарината и
4. Одлука за други елементи од значење за конкурсот за соодветната студиска програма.

- **Упис на студенти на трет циклус студии**

Согласно објавениот заеднички Конкурс за запишување на трет циклус универзитетски студии на УКИМ во учебната 2024/2025 година, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје се запишаа вкупно 5 студенти во двата уписни рока.

- **Докторирани студенти**

На Факултетот за земјоделски науки и храна во текот на извештајната година докторирале 1 студент.

**Комисија за настава**

Во текот на извештајниот период, Комисијата за настава одржа 5 редовни седници на кои се разгледани прашања од наставата и потребите на студентите. Комисијата за настава, донесе голем број предлози, доставени и усвоени од страна на ННС на ФЗНХ, и тоа:

1. Предлог-Одлука за усвојување на барање од Факултетското студентско собрание на ФЗНХ за дополнителни испитни термини за студентите на ФЗНХ-Скопје во академската 2024/2025 година.
2. Предлог-Академски календар на активности на ФЗНХ, за учебната 2024/2025 година.
3. Предлог-Одлука за утврдување испитни термини во есенскиот, зимскиот и летниот испитен рок за студентите на ФЗНХ-Скопје, во академската 2024/2025 година.
4. Предлог-Одлука за преглед на ангажираност на наставници и соработници на прв циклус универзитетски студии на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје во академската 2024/2025 година.
5. Предлог-Одлука за усвојување Распоред на часови во зимскиот семестар на прв циклус студии на ФЗНХ, во академската 2024/2025 година.
6. Предлог-Одлука за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје.
7. Предлог-Одлука за продолжување на рокот за студирање на прв циклус студии за генерација на запишани студенти на ФЗНХ во академската 2016/2017 година.
8. Разгледување на барање од Фармацевтски факултет при УКИМ во Скопје, за ангажирање на проф. д-р Ленче Велкоска Марковска со 1 ЕКТС во теоретската настава по задолжителниот предмет Општа и неорганска хемија (7 ЕКТС) во зимски семестар и проф. д-р Мирјана С. Јанкуловска со 1 ЕКТС во теоретската настава по задолжителниот предмет Основи на органска хемија (7 ЕКТС) во летен семестар.
9. Разгледување на барање од Технолошко-металуршки факултет при УКИМ во Скопје, за ангажирање на наставник по предметите: Генетски модифицирани суровини и микроорганизми, изборен предмет во летен семестар со фонд на часови 2+2 (5 ЕКТС) и Генетски модифицирани суровини, изборен предмет во зимски семестар со фонд на часови 2+2 (4 ЕКТС).
10. Разгледување на барање од Институтот за анимална биотехнологија при ФЗНХ-Скопје за давање на согласност за ангажирање на проф. д-р Зоран

Поповски за визитинг професор на Природно-математичкиот факултет во Сарајево, Босна и Херцеговина.

11. Предлог-Одлука за ангажирање на истакнати стручњаци од пракса за академската 2024/2025 година, за вршење високо-образовна дејност на студиските програми на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје.
12. Разгледување на барање за ангажирање на демонстратори како помошници во наставно-образовниот процес на прв циклус студии на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје, за академската 2024/2025 година, од страна на Институтот за храна.
13. Разгледување на барање за ангажирање на демонстратор како помошник во наставно-образовниот процес на прв циклус студии на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје, за академската 2024/2025 година, од страна на Институтот за животна средина.
14. Разгледување на барање за ангажирање на демонстратор како помошник во наставно-образовниот процес на прв циклус студии на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје, за академската 2024/2025 година, од страна на Институтот за агроекономика.
15. Предлог-Одлука за објавување на Интерен оглас за ангажирање на демонстратори на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје за академската 2024/2025 година.
16. Предлог-одлука за формирање Комисии за спроведување на постапката по објавен интерен оглас за ангажирање на демонстратори на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, за академската 2024/2025 година.
17. Донесување на Предлог-Одлука за измена на Одлуката за преглед на ангажираност на наставници и соработници на прв циклус студии на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје, во академската 2024/2025 година, усвоена на 3. Седница на ННС.
18. Предлог-Одлука за утврдување квоти за упис на студенти во прва година на сите студиски програми на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје и утврдување на листа на екстерни и интерни предмети, со цел отпочнување подготовки за изготвување на заедничкиот Конкурс на УКИМ за запишување студенти во прва година на прв циклус универзитетски студии во академската 2025/2026 година.
19. Предлог-Одлука за усвојување Распоред на часови за наставата во летниот семестар на прв циклус студии на ФЗНХ, во академската 2024/2025 година.
20. Разгледување на образец за Извештај за реализирана настава на прв циклус студии, со предлог за усвојување.

**Активности на Советот за втор циклус студии**

Во извештајниов период, советот за втор циклус студии одржа 9 редовни седници. На овие седници беа разгледани многу точки, меѓу кои ќе ги издвоиме:

Предлог-одлука за утврдување квоти за упис на студенти на втор циклус студии на сите студиски програми на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје, за изготвување на заедничкиот Конкурс на УКИМ за учебната 2024/2025 година;

Разгледување на пријави за запишување кандидати на втор циклус студии (вкупно пријавени 9 кандидати во првиот и 12 во вториот уписен рок);

Предлог-преглед на ангажираност на наставници на втор циклус универзитетски студии во учебната 2024/2025 година;

Разгледување на барања за изработка на магистерски труд (вкупно 13 пријави);

Барања за избор на Комисија за оцена на изработен магистерски труд (разгледани вкупно 7 барања);

Разгледување и усвојување на извештаи за оцена за магистерски труд и формирање на Комисија за одбрана (разгледани вкупно 5 извештаи);

Разгледување на барања за продолжување на рокот за одбрана на магистерски трудови (разгледани вкупно 5 барања).

**Евалуација на наставата и наставниот кадар**

Спроведувањето на анкетата за квалитетот на наставниот и соработничкиот кадар е задолжителна обврска која произлегува од член 33 од Законот за високото образование. Од 2024 година, анкетата за квалитетот на наставничкиот и соработничкиот кадар УКИМ почна да се спроведува преку системот i-know во електронска форма. Анкетата се спроведе во периодот 10-23 мај 2024 година, за секој предмет одделно, на сите три циклуси на студии, за зимскиот и летниот семестар во учебната 2023/2024 година. Пополнувањето на анкетата е задолжително за сите студенти.

Покрај анкетата за квалитет на наставничкиот и соработничкиот кадар, во 2024 година е воведена и анкета за општите услови за студирање, која е исто така задолжителна за сите студенти, а се спроведе електронски преку системот i-know, на крајот на летниот семестар, во период од 27.5-10.6.2024 година.

Резултатите од претходно наведените анкети беа вклучени во извештајот за самоевалуација за периодот 1 октомври 2023 – 31 мај 2024.

**Систем за квалитет на ФЗНХ**

Врз основа на Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација и Правилникот за обезбедување квалитет на

УКИМ, во 2024 година се воспостави нова структура надлежна за обезбедување квалитет, која функционира на ниво на универзитет и на ниво на единица. На универзитетско ниво е воспоставен Центар за квалитет, како внатрешна организациона единица на УКИМ. Во рамките на Центарот за квалитет функционираат Совет за квалитет и Комисија за самоевалуација. На ниво на факултет, покрај постојната Комисија за самоевалуација воспоставен е и Совет за квалитет.

Покрај обврската за спроведување на анкета за квалитетот на наставниот и соработничкиот кадар предвидена во член 55 од ЗВО, во 2024 година, УКИМ воведе поширок дијапазон на анкети кои овозможуваат посеопфатно следење на квалитетот на универзитетот. Имено, покрај анкетата за квалитетот на наставниот и соработничкиот кадар, за студентите е воведена и анкета за општите услови за студирање. Дополнително, воведени се и анкети за вработените на универзитетот, односно анкета за општите услови за работа на наставниот кадар и анкета за општите услови за работа на стручно-административниот кадар.

Анкетата за квалитетот на наставниот и соработничкиот кадар се спроведува за секој предмет одделно, на сите три циклуси на студии, за секоја учебна година, на крајот на семестарот. Анкетата за општите услови за студирање, анкетата за општите услови за работа на наставниот кадар и анкетата за општите услови за работа на стручно-административниот кадар се спроведуваат еднаш годишно/во секоја учебна година. Резултатите од сите спроведени анкети задолжително се вклучуваат во извештајот за самоевалуација.

Согласно воспоставениот систем за квалитет на УКИМ и Правилникот за обезбедување квалитет на УКИМ, почнувајќи од 2024 година, постапката за самоевалуација почна да се спроведува координирано на сите единици на УКИМ. Во извештајниов период, а врз основа на роковите определени од Советот за квалитет на УКИМ, Комисијата за самоевалуација на ФЗНХ, изработи Извештај за самоевалуација за периодот 1 октомври 2023 – 31 мај 2024 година. Извештајот беше изработен на новиот образец, утврден во Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација. Извештајот за самоевалуација на ФЗНХ содржи оцена на состојбата и предлози и мерки за надминување на констатираните негативни појави во остварувањето на дејноста на Факултетот. Меѓудругото, изготвениот извештај за самоевалуација на ФЗНХ даде јасна слика за исполнетоста на стандардите и индикаторите за квалитет, предвидени во Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација.

Извештајот за самоевалуација беше усвоен на втората седница на ННС на ФЗНХ, одржана на 10.7.2024 година.

Врз основа на изготвениот извештај за самоевалуација на ФЗНХ, Советот за квалитет на ФЗНХ утврди дека сите 9 стандарди за квалитет предвидени во

Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација се целосно исполнети. Што се однесува до индикаторите преку кои се оценува исполнетоста на стандардите за квалитет, Советот утврди дека од вкупно 58 индикатори, 43 се целосно исполнети, а 15 се делумно исполнети. Со цел отстранување на слабостите и унапредување на квалитетот на дејноста на Факултетот, Советот за квалитет до ННС предложи Годишен акциски план во кој се предвидени вкупно 28 мерки. Годишниот акциски план беше усвоен на првата вонредна седница на ННС, одржана на 30.9.2024 година, потоа одобрен од Советот за квалитет на УКИМ. Во периодот од 1 октомври 2024 до 1 мај 2025 година, реализирани се 14 мерки од вкупно предвидените 28 мерки.

**Активности на комисијата за спорт и студенти**

Комисијата во извештајниот период одржа 2 редовни состаноци, на кои меѓу другото, беа разгледани потребите на студентите во делот на спортските и културните активности. Од страна на комисијата во изминатиот период беа разгледани извештаи од реализирани проектни активности од програмите на ИКСА за 2024 година, како и учество во изготвување предлог-проекти до Комисијата за спорт и културни активности при УКИМ од програмите на ИКСА за нови проектни активности од истата програма за 2025 година. Исто така, Комисијата ги имаше следните активности:

- Организација на студентите за учество на АГРОНОМИЈАДА 2024, во Требиње, Босна и Херцеговина (мај, 2024 година);
- Организирање Таи Чи Чуан во просториите на ФЗНХ, со бесплатно учество за вработените и студентите на ФЗНХ;
- Организирање јога вежби во просториите на ФЗНХ, со бесплатно учество за вработените и студентите на ФЗНХ;
- Учество во организација на XV Смотра на студентски трудови (декември, 2024);
- Учество во организација на Смотра на средношколски трудови (декември, 2024);
- Организирање на турнири во шах, пинг понг, пикадо и табла за студенти и вработени по повод Јубилејот на УКИМ (декември, 2024);
- Организирање на рекреативна тура до Водно (декември, 2024);
- Во соработка со ПД „АГРОНОМ“ - Скопје, организирани се повеќе планинарски тури на различни локалитети во Македонија.
- Организација на студентите за учество на АГРОНОМИЈАДА 2025.

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

### Активности на Комисијата за наука

Во извештајниот период, Комисијата за наука одржа една редовна седница. На истата откако беше конституирана комисијата, се избра и секретар.

На седницата се разгледа и усвои предлог-проект за учество на ФЗНХ на Конкурсот од страна на УКИМ за финансирање на научноистражувачки проекти за 2024/2025 година под наслов: „Влијание на режимот на залевање и фертиригација со капково наводнување врз ефикасното користење на водата кај круша во Кумановско“, раководител проф. д-р Вјекослав Танасковиќ.

На конкурсот за избор на научник распишан од ректоратот на УКИМ преку комисијата за наука беше пријавен проф. д-р Александар Узунов. По спроведената евалуација од страна на комисијата, проф. д-р Александар Узунов беше избран за научник на годината од областа на земјоделските и ветеринарните науки.

### Научноистражувачка и апликативна дејност

Научноистражувачката и апликативната дејност е особено значаен сегмент во работењето на Факултетот за земјоделски науки и храна и претставува клучен аспект за остварувањето на една од главните цели на институцијата. Исто така, треба да се истакне дека унапредувањето на научноистражувачката и апликативната дејност на Факултетот е една од носечките активности за развој и обезбедување на дополнителни финансиски средства на Факултетот.

На конкурсот за доделување на средства за финансирање на научноистражувачки проекти од интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј’“ во Скопје за академската 2024/2025 година, ФЗНХ аплицираше со проект под наслов: „Влијание на режимот на залевање и фертиригација со капково наводнување врз ефикасното користење на водата кај круша во Кумановско“, раководител проф. д-р Вјекослав Танасковиќ “. Истиот е одобрен и во тек е започнување со реализација на проектните активности со истражувачи и соработници од Институтот за животна средина при ФЗНХ.

Во извештајниот период продолжија активностите на проектот „Развој и примена на течни ѓубрива за фертиригација во земјоделството“ - научна, стручна и апликативна соработка во примена на течни минерални ѓубрива, финансиран од АЛКАЛОИД АД - Скопје, а главен истражувач на проектот е проф. д-р Вјекослав Танасковиќ.

Факултетот како овластена институција за вршење на стручни задачи во областа на сточарството активно учествуваше во реализација на проектните активности во делот на Стручни задачи и активности од програмата за биолошка

разновидност во сточарството за 2024 година преку годишните програми на МЗШВ, а истовремено е потпишан и договорот за овие активности за 2025 година.

За 2025 година е потпишан и анекс договор за продолжување на активностите за мониторинг на приоритетни карантински штетни организми. Факултетот во извештајниот период, меѓу другото продолжи и со активностите за јавно овластување за чување и одржување на семенски и саден материјал од земјоделски растенија (ген-банка), а активностите се одвиваат на површините на Опитно Поле - ФЗНХ.

Во текот на извештајниот период, факултетот реализираше проектна активност за практична настава во компании од земјоделско-прехранбениот сектор преку поддршка на Проектот "Образование за вработување 4Е4", со посредство на УКИМ преку склучен договор со Хелветас, Швајцарска Интеркооперација со подружница во Скопје. Координатор на оваа проектна активност е проф. д-р Биљана Кузмановска, продекан за настава на ФЗНХ.

Факултетот аплицираше и на конкурс од страна на Министерството за животна средина за распределување на средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2024 година.

Факултетот аплицираше и на конкурс: Соработка на Јавниот повик за развој и имплементација на иновативни и колаборативни проекти поврзани со паметна специјализација, зелена и дигитална трансформација во четворен хеликс, објавен од Министерство за економија и труд, согласно Програмата за поддршка на преработувачката индустрија и општествена одговорност за 2024 година, дел II, област А, имплементација на индустриската политила,мерка 5.

Во 2024 година ФЗНХ го имплементира проектот финансиран и поддржан од ФАО: Анализа на социо-економското влијание од имплементацијата на Националната програма за консолидација на земјоделското земјиште.

Исто така ФЗНХ во овој мандатен период аплицираше и го доби проектот финасиран од страна на (JICA): Оценка за ублажување и адаптација кон климатските промени во земјоделскиот сектор во Северна Македонија за потребите на Јапонската агенција за меѓународна соработка.

Факултетот остварува и други апликативни активности со други државни институции и стопанството. Дел од апликативните активности се однесуваат и на стручна контрола на семенски посеви и насади, анализа на почва и ѓубрива, анализа на квалитет на храна за животни, анализа на семенски материјал, советодавни услуги, вештачења итн. Факултетот редовно спроведува и се подготвува за надзорна оцена на акредитираните лаборатории и на акредитираните методи од страна на ИАРСМ. За таа цел, во извештајниот период, од страна на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија е добиена акредитација за 47 методи, со важност од 17.4.2024

година, а истовремено повторно во листата на акредитирани лаборатории е и лабораторија за млеко и млечни производи Л-02 (прилогот на сертификатот е објавен на нашата веб страна и на веб страната на ИАРМ).

Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје успешно аплицираше на повикот за финансиска поддршка за инвестициони вложувања за воспоставување на научно демонстративни примери – набавка на опрема за лабораториски анализи за квалитет и безбедност на храна. Со овој договор помеѓу ФЗНХ и МЗШВ факултетот за потребите на акредитираните лаборатории обезбеди 12 000 000 денари финансиски средства, со што се отпочна постапка за јавна набавка на лабораториска опрема. Јавната набавка успешно заврши и при тоа се набавија следните инструменти: ICP – OES индуктивно спрегната плазма со оптички емисионен спектрометар; Флуоресцентен детектор за определување на микотоксини; Микробранова печка за преипремање на примероци за елементлна анализа; Гасен хроматограф за анализа на жестоки пијалоци и масни киселини; Дигестор; Аналитичка вага. Во тек е обука на персоналот и пуштање на лабораториската опрема. Со оваа и постоечката опрема на ФЗНХ дополнително се зголемија научните и апликативните можности за објавување на трудови со фактор на влијание и соработка со стопанството.

До Министерството за образование и наука на РС Македонија, наставниот кадар на ФЗНХ достави барања за финансирање на научноистражувачки трудови од домашни автори, објавени во меѓународни научни списанија со фактор на влијание, согласно огласот на МОН.

Во извештајниот период Факултетот одржуваше континуитет во работењето на факултетското меѓународно списание (JAFES) преку редовно објавување на две изданија од списанието, а со тоа и во обезбедување на континуиран развој на научноистражувачката работа на Факултетот, како и на меѓународната соработка. Исто така, особено е важно да се потенцираат активностите на Факултетот во поддршка на организацијата на традиционалната студентска смотра, која оваа година се одржа по 15-ти пат и првата смотра на средношколски трудови на кои активно зедоа поголем број на средни школи од државата.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

### Активности на Комисија за меѓународна соработка

За време на извештајниот период, активностите на меѓународната соработка беа тесно поврзани со научноистражувачката дејност на Факултетот, со особен акцент на пријавувањето меѓународни научноистражувачки проекти, поттикнување и реализација на мобилности на наставниот кадар и студентите кон сродни универзитети во Европа и пошироко, како и овозможување на

зголемен број посети од еминентни странски научници на факултетот. Дополнително, беа иницирани и склучени нови договори за соработка со релевантни институции од странство, беше овозможено учество и коорганизација на меѓународни конференции, како и организација на академски предавања од страна на реномирани професори од странски универзитети.

Меѓу поважните активности во овој период се издвојуваат подготовките и организацијата на Петтиот меѓународен симпозиум за земјоделство и храна (ISAF 2025), како и организирањето на информативен ден за студентска мобилност, наменет за студентите од сите три циклуси на студии на Факултетот. Подетални информации за овие активности се презентирани во следните делови од извештајот.

Во текот на извештајниот период, Комисијата за меѓународна соработка одржа две редовни седници. Намалениот број на состаноци е резултат на насоките добиени од страна на Ректоратот, согласно кои одлуките поврзани со меѓународни научноистражувачки проекти се носат по добивањето на проектот, а не во фазата на пријавување. Сепак, имајќи ја предвид потребата за систематско следење и евидентирање и на пријавените проекти, во консултација со Ректоратот, во наредниот извештаен период ќе се пристапи кон враќање на праксата за усвојување на предлог-одлуки за пријавени наукноистражувачки проекти, од страна на Комисијата за меѓународна соработка.

**Меѓународни научноистражувачки проекти**

Во однос на пријавувањето на меѓународни научноистражувачки проекти, во текот на извештајниот период беа спроведени активности за редовно информирање и поддршка на наставно-научниот кадар. Сите релевантни информации што пристигнуваа до Канцеларијата за меѓународна соработка, поврзани со отворени повици, учество на вебинари за правилно управување со меѓународни проекти, како и други теми релевантни за областа на земјоделските науки, беа навремено споделувани со академската заедница на Факултетот.

Овие активности претставуваат важен придонес во процесот на интернационализација на истражувањата и зајакнување на учеството на Факултетот во европската научноистражувачка мрежа. Оттука, во овој период, во координација со Канцеларијата за меѓународна соработка, беа поднесени вкупно осум апликации за пријавување на меѓународни проекти на европски повици. Апликациите се однесуваат на следниве програми: Horizon Europe Framework Programme – 2 апликации; Interreg IPA CBC Greece – Republic of North Macedonia 2021–2027 – 1 апликација; Interreg ADRION Programme – 1 апликација; Interreg Euro-MED Programme – 2 апликации; Erasmus+ Programme – 2 апликации.

Покрај поднесените проектни апликации, во текот на извештајниот период на Факултетот активно се спроведуваат дванаесет меѓународни проекти. Од нив,

пет се финансирани преку програмата *Horizon Europe*, еден проект е во рамки на програмата *Erasmus+*, еден е поддржан од Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (*FAO*), додека по еден проект се финансирани од Јапонската агенција за меѓународна соработка (*JICA*), Глобалниот фонд за животна средина (*GEF*), и *Biodiversity International*. Дополнително, се имплементираат и два проекти поддржани од Меѓународната агенција за атомска енергија (*IAEA*).

Во табелата подолу се дадени подетални информации за тековните меѓународни проекти кои се реализираат во рамки на извештајниот период.

**Табела 1. Активни меѓународни проекти во период 1.5.2024 – 30.4.2025 година**

| Ред. бр. | Акроним/назив на проектот | Раководител на проектот | Програма од која се финансира | Статус на проектот |
|---|---|---|---|---|
| 1 | DIVAGRI | Проф. д-р Вјекослав Танасковиќ | H2020-SFS-2018-2020 / H2020-SFS-2020-2 | Активен |
| 2 | BEEGUARDS | Проф. д-р Александар Узунов | HORIZON-CL6-MAN-2022-00-00 | Активен |
| 3 | BEAMING | Проф. д-р Ивана Јанеска Стаменковска | HORIZON-WIDERA-2023-ACCESS-03 | Активен |
| 4 | AGRO-WELL | Проф. д-р Душица Санта | HORIZON-CL6-2024-GOVERNANCE-01 | Активен |
| 5 | INOFEIT EDIH (како дел од единици на УКИМ учесници во проектот) | Проф. д-р Миле Маркоски | Digital Europe Programme (DIGITAL) | Активен |
| 6 | HEAL-IN-ONE | Проф. д-р Катерина Беличовска | Erasmus+, KA220 | Активен |
| 7 | Socio economic impact assessment for the implementation of the National Land Consolidation Programme in Egri | Проф. д-р Ана Симоновска | FAO | Активен |
| 8 | Assessment on the Mitigation and Adaptation to Climate Change in Agriculture Sector in North Macedonia | Проф. д-р Александра Мартиновска Стојческа | JICA | Имплементиран во текот на периодот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9 | Иновативни третмани на птичјо ѓубре, за намален отпад и употреба на агрохемикалии во земјоделството во О. Демир Хисар | Проф. д-р Вјекослав Танасковиќ | GEF | Активен |
| 10 | EURISCO for Crop Wild Relatives (CWR) in situ data and preparation of pilot countries' data sets | Проф. д-р Мирјана Јанкуловска | Bioversity International | Активен |
| 11 | Enhancing productivity and resilience to climate change of major food crops in Europe and Central Asia, RER5024 | Проф. д-р Мирјана Јанкуловска | IAEA | Активен |
| 12 | Improving Efficiency in Water and Soil Management", RER5028 | Проф. д-р Вјекослав Танасковиќ | IAEA | Активен |

**Мобилност на наставно-научен кадар и студенти**

Во текот на овој извештајен период, како и во претходните периоди меѓународната соработка продолжи да се реализира и преку остварување мобилност на наставно-научниот кадар и студентите од нашиот факултет.

- **Програма CEEPUS**

Во текот на извештајниот период продолжија интензивните активности насочени кон проширување на можностите за мобилност на студентите и наставно-научниот кадар преку програмата CEEPUS. Како што беше потенцирано и во претходните извештаи, од особено значење за оваа програма е фактот што бројот на доделени мобилности за наставно-научен кадар е директно поврзан со бројот на реализирани студентски мобилности.

Во рамки на постојната CEEPUS мрежа *TASA#*, во која членуваат универзитети од 27 земји, беше организирана летна школа во Целје, Словенија, на тема „Sustainable Synergies: Bridging Tourism and Agriculture through Supply Chains and Logistics". На оваа школа учество земаа шест студенти од Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје, во периодот од 5 до 15 јули 2024 година.

Во текот на извештајниот период, за мрежата TASA# беше одобрено и зголемување на бројот на мобилности за академската 2025/2026 година, со што Факултетот доби дополнителни 6 места за студенти и 6 места за наставно-научниот кадар. Важно е да се нагласи дека договорот за финансирање на оваа мрежа беше успешно обновен и потпишан за академската 2025/2026 година.

Покрај TASA# мрежата, Факултетот активно учествува и во мрежата @groen, во која членуваат 21 универзитет од Централна и Југоисточна Европа. Во рамки на оваа мрежа, во академската 2024/2025 година беа реализирани три наставни мобилности:

- Проф. д-р Зоран Димов на Факултет за агробиотехнички науки, Универзитет Јосип Јурај Штросмаер, Осијек,
- Проф. д-р Звонко Пацаноски на Агрономски факултет, Универзитет во Загреб
- Проф. д-р Миле Маркоски на Агрономски факултет, Универзитет во Загреб.

Дополнително, реализирана беше и една административна мобилност, односно лаборант Марија Тодоровска престојуваше на Агрономскиот факултет при Универзитетот во Загреб. И за оваа мрежа, договорот за финансирање е потпишан и одобрен за академската 2025/2026 година.

CEEPUS програмата овозможува широк спектар на активности за студентите, како што се краткорочни престои за изработка на дипломски, магистерски и докторски тези, практична работа или следење и полагање на предмети на универзитети од мрежата. Во оваа насока, поднесени беа три нови студентски апликации во рамки на постоечките мрежи:

- Тамара Костадиновска (@groen),
- Марија Стевановска (TASA#), и
- Ниметула Рамадани (@groen).

Покрај излезните мобилности, во рамки на програмата CEEPUS беа реализирани и три дојдовни мобилности на странски професори, и тоа:

- Проф. д-р Ружица Лончариќ од Факултетот за агробиотехнички науки, Универзитет Јосип Јурај Штросмаер – Осијек
- Проф. д-р Зденко Лончариќ од Факултетот за агробиотехнички науки, Универзитет Јосип Јурај Штросмаер – Осијек, и
- Проф. д-р Милица Ранчиќ од Факултет за логистика, Универзитет во Марибор.

Во овој период, Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје стана член и на нова CEEPUS мрежа со наслов *Innovative Biosciences for Sustainable Agriculture in Southeast Europe*, на која координатор е Биотехничкиот факултет

при Универзитетот во Љубљана. Со пристапувањето во оваа мрежа се отвораат нови можности за мобилност и академска соработка на студентите, наставниот кадар и административните служби на Факултетот.

- **Програма ЕРАЗМУС+**

Наставно-научниот кадар и студентите на Факултетот имаат можност за реализирање на мобилности и преку програмата Erasmus+. Во текот на извештајниот период, беше продолжен процесот на обновување на веќе постоечките билатерални договори склучени во рамки на програмскиот период 2014–2020 година, со цел нивна адаптација и активна имплементација во новиот програмски циклус 2021–2027 година.

Во однос на мобилностите на наставно-научниот кадар, и понатаму е присутен генерален предизвик на ниво на Универзитетот, а тоа е ограничениот број на доделени мобилности за вработените. Имено, поради структурата и хетерогеноста на Универзитетот, секоја единица добива ограничен број места за реализација на мобилност на наставен кадар, најчесто едно место по академска година, со реализација во текот на летниот семестар.

Во рамки на овие ограничувања, во академската 2024/2025 година беше реализирана мобилност од страна на проф. д-р Ристе Еленов, кој престојуваше на Институтот за агроекономика во Софија, Бугарија.

И во текот на овој извештаен период, како и во претходните, забележително е значително поголем број на дојдовни мобилности на странски наставници во рамки на програмата Erasmus+. Особено доминантно е учеството на професори од универзитетите во Бугарија и Хрватска, кои остварија краткорочни академски престои на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје.

Покрај нив, во извештајниот период беа реализирани дојдовни мобилности и од страна на професори и административен кадар од универзитети во Србија, Грција, Кипар и Словачка. Вкупно беа реализирани повеќе од 15 мобилности, што претставува значаен придонес кон интернационализацијата на наставно-образовниот процес и административната соработка.

Во однос на студентската мобилност, особено вредно за истакнување е дека во текот на извештајниот период беа поднесени две апликации за мобилност за зимскиот семестар од академската 2025/2026 година. Од нив, една апликација беше одобрена, и тоа за студентот Петре Димчевски, кој ќе реализира мобилност на Земјоделскиот факултет при Универзитетот во Белград, Република Србија.

Во рамки на активностите насочени кон поттикнување на интересот и учеството на студентите во мобилност, а согласно Акцискиот план на Советот за

квалитет на Факултетот, беше успешно организиран Инфо Ден на тема: „Поврзи се, истражи и стекни искуство: Меѓународна соработка и можности за мобилност на студентите“. Настанот беше одржан со присуство на повеќе од 50 студенти, при што беа презентирани различни можности за мобилност преку програмите Erasmus+ и CEEPUS.

На овој настан, покрај претставниците од Факултетот, учество зема и Координаторот на CEEPUS мрежата TASA# од Универзитетот во Марибор, кој ги сподели можностите и придобивките од мобилноста преку оваа мрежа. Дополнително, своето лично искуство го споделија и студенти кои веќе учествувале во мобилности, мотивирајќи ги присутните преку презентација на своите успешни приказни.

Како резултат на одржаниот Инфо Ден, забележливо се зголеми бројот на поднесени студентски апликации, како за Erasmus+, така и за CEEPUS програмата, што претставува позитивен индикатор за ефективноста на активностите за информирање и мотивирање на студентската заедница.

- **Останата мобилност**

Покрај реализираните мобилности во рамки на програмите CEEPUS и Erasmus+, вработените на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје остварија академски и научноистражувачки престои и во рамки на други меѓународни програми и иницијативи. Подолу се прикажани дел од престоите за кои е доставена информација до Канцеларијата за меѓународна соработка. Сепак, потребно е да се има предвид дека значителен број на престои се реализираат и во контекст на различни проектни, истражувачки и билатерални активности, кои не секогаш се официјално евидентирани.

- **Проф. д-р Александар Узунов** реализираше научноистражувачки престој во академската 2024/2025 година на Кинеската академија за земјоделски науки, со цел придонес кон Кинеската програма за генетско подобрување на медоносната пчела и програмата за одржливо пчеларство.
- **Проф. д-р Марина Нацка** учествуваше на семинар на тема *„Agricultural Product Inspection and Quarantine for Developing Countries“* во Кина, а воедно беше и номинирана за едномесечен студиски престој во Јапонија, во рамки на програмата *Knowledge Co-Creation Program (KCCP)*, поддржана од Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA).
- **Проф. д-р Мирјана С. Јанкуловска** реализираше научен престој на Универзитетот во Аликанте, Шпанија.
- **Проф. д-р Зоран Поповски** оствари престој на Факултетот за земјоделско-прехранбени науки и активности како визитинг професор на

Природно-математичкиот факултет при Универзитетот во Сараево, Босна и Херцеговина.

- **Проф. д-р Златко Арсов** реализираше студиски престој во Кина.
- **Д-р Никола Сарагиновски** реализираше научен престој на универзитет во Романија.
- **Проф. д-р Ѓоко Буневски** продолжи со редовно предавање на предметите *Етологија* и *Економика и технологија на одгледување коњи* за студентите на додипломски студии при Факултетот за земјоделство и наука за животот на Универзитетот во Марибор, Словенија. Оваа активност се реализира согласно Одлуката на Наставно-научниот совет и Ректорската управа, како дел од долгорочната соработка меѓу двете институции.

**Билатерална соработка со универзитети од Европа и светот**

Во текот на извештајниот период, Факултетот продолжи со интензивни заложби за проширување на билатералната соработка со универзитети и институции од Европа и пошироко. Целта е воспоставување подлабоки партнерства кои не се ограничени само на Erasmus+ договорите за мобилност на наставен кадар и студенти, туку ги опфаќаат и следниве стратешки аспекти:

1. Поттикнување на академски посети на членови на факултетите, со цел вклучување во заеднички истражувачки, наставни или други едукативни активности;
2. Поддршка на студентска размена на сите нивоа на студии (додипломски, постдипломски и докторски), како за студирање, така и за истражување;
3. Размена на административен и технички кадар со цел размена на искуства и експертиза;
4. Поттикнување на заеднички академски публикации;
5. Развивање и промоција на заеднички научноистражувачки иницијативи од заеднички интерес за партнерските институции.

Во рамки на овие активности, од особено значење е потпишувањето на Меморандумот за соработка со **Институтот за истражувања во пчеларството при Кинеската академија за земјоделски науки во Пекинг, Кина,** со што се отвораат можности за интензивна соработка во областа на апликативните и генетски истражувања во пчеларството.

Дополнително, во текот на извештајниот период беа склучени нови договори за соработка со следниве високообразовни и истражувачки институции**:**

- **Visoka šola za upravljanje podeželja GRM Novo Mesto**, Словенија
- **Plovdivski universitet "Paisiy Hilendarski"**, Република Бугарија

- **Bayburt University**, Република Турција
- **National Agricultural and Food Center**, Република Словачка
- **Bioversity International** – Меѓународен институт за генетски растителни ресурси, Рим, Италија

Овие иницијативи придонесуваат кон унапредување на меѓународниот профил на Факултетот и отвораат нови можности за интердисциплинарна и интернационална академска соработка.

**Визитинг професори**

Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје континуирано вложува напори за вклучување на странски експерти во наставниот процес, со цел унапредување на квалитетот и интернационализација на наставата. Во таа насока, и во текот на извештајниот период беа ангажирани визитинг професори од реномирани универзитети од регионот и Европа.

За академската 2024/2025 година**,** Наставно-научниот совет на Факултетот донесе предлог-одлука, која беше усвоена со согласност од Ректорската управа, за ангажман на следниве визитинг професори:

- **Проф. д-р Hossein Azadi** од *University of Liège*, Белгија, и *Guest Professor* на *University of Ghent*, Белгија – ангажиран како визитинг професор на прв циклус студии по предметите: Управување со води во земјоделството **и** Наводнување**.**
- **Проф. д-р Кирил Д. Христовски**, Program Chair на Environmental and Resource Management Program, *The Polytechnic School*, Ira A. Fulton Schools of Engineering, *Arizona State University*, САД – ангажиран како визитинг професор на прв циклус студии по предметите**:** Педологија **и** Квалитет на почви и води**.**
- **Проф. д-р Зорица Средојевиќ** од Земјоделскиот факултет при Универзитетот во Белград, Република Србија – ангажирана како визитинг професор на прв циклус студии по предметите**:** Анализа на работење **и** Трошоци и калкулации**.**
- **Проф. д-р Миљан Цветковиќ** од Земјоделскиот факултет при Универзитетот во Бања Лука, Босна и Херцеговина – ангажиран како визитинг професор на прв циклус студии по предметите: Овоштарство**,** Овошни култури**,** Производство на овошен саден материјал**,** Подигнување и одгледување на овошни насади, и Познавање на овошје и зеленчук**.**
- **Проф. д-р Мирела Кајкут Зељковиќ** од Универзитетот во Бања Лука, Република Српска – Земјоделски факултет и Институт за генетски ресурси – ангажирана како визитинг професор на прв циклус студии по

предметите: Современи генетски методи**,** Селекција на растенија**, и** Биолошка разновидност во земјоделството**.**

Овие ангажмани претставуваат значаен чекор кон интернационализација на наставата и овозможуваат директен трансфер на знаење, искуства и добри практики од странски универзитети.

**Меѓународни конференции**

Во доменот на меѓународната научна соработка, особено значајно е учеството на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје, како коорганизатор на низа меѓународни научни конференции, со што активно придонесува кон унапредување на академскиот дијалог и размена на знаење на регионално и европско ниво.

Овие активности го потврдуваат континуираното стратешко позиционирање на Факултетот како релевантен партнер во меѓународната научна и стручна заедница. Во текот на извештајниот период, Факултетот се јавува како коорганизатор на следниве научни собири:

- **60. Хрватски и 20. Меѓународен симпозиум на агрономи**, во организација на Земјоделскиот факултет при Универзитетот во Загреб и Факултетот за агробиотехнички науки при Универзитетот „Јосип Јурај Штросмаер“ од Осиек, одржан во февруари 2025 година, на Бол на Брач, Хрватска.
- **XIII Меѓународен симпозиум за земјоделски науки – AgroRes**, одржан во мај 2024 година во Требиње, Босна и Херцеговина, со активно учество на наставно-научниот кадар во програмскиот одбор.
- **XIV Меѓународен симпозиум за земјоделски науки – AgroRes**, планиран за мај 2025 година во Требиње, Босна и Херцеговина, со континуирано учество на наставно-научниот кадар во програмскиот одбор.
- **Втор меѓународен симпозиум за дигитални технологии во земјоделството**, одржан во октомври 2024 година во Осиек, Хрватска, со фокус на дигиталната трансформација и иновации во агросекторот, со активно учество на наставно-научниот кадар во програмскиот одбор.
- **Трета меѓународна конференција за одржливи земјоделски системи – 2025**, организирана од Факултетот за земјоделство и биотехнологија при Универзитетот во Тетово, Република Северна Македонија, со коорганизаторско учество на нашиот Факултет, со активно учество на наставно-научниот кадар во програмскиот одбор.
- **X Меѓународна научна конференција на тема „Agricultural and Rural Outlooks and Policy Dimensions“**, закажана за октомври 2025 година, во соработка со Институтот за агроекономика од Софија, Бугарија, со

активно учество на наставно-научниот кадар во организацискиот и програмскиот одбор.

Исто така, во текот на извештајниот период, наставно-научниот и соработничкиот кадар учествуваше на низа меѓународни конференции.

**Петти меѓународен симпозиум за земјоделство и храна – ISAF2025**

Во доменот на меѓународните научни настани, посебно значење за Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје има организирањето на Петтиот меѓународен симпозиум за земјоделство и храна – ISAF 2025, кој ќе се одржи во периодот од 8 до 10 октомври 2025 година.

Во рамките на подготовките за ISAF 2025, во извештајниот период беа реализирани следните клучни активности:

- Усвоени се сите релевантни тела на симпозиумот, вклучително: Организациски одбор, Почесен организациски одбор, Меѓународен програмски одбор и Секретаријатот.
- Потврдени се коорганизаторите на симпозиумот.
- Подготвено и објавено е првото официјално соопштение со повик за поднесување апстракти и упатства за авторите, кое е дистрибуирано на над 2.500 електронски адреси од земјата и странство.
- Изготвена е и редовно се ажурира веб-страницата на симпозиумот (ISAF 2025), која служи како главен канал за информации и комуникација со учесниците.
- Воспоставен е електронски систем за управување со конференции (ConfTool), преку кој се врши регистрација на учесниците и поднесување на апстракти и целосни трудови.
- Дефинирани се настаните во рамки на симпозиумот.
- Утврдени се тематски области/секции на симпозиумот.
- Донесена е одлука за цени на котизација, во зависност од категоријата на учесници и видот на учество.
- Обезбедено е соодветно сместување и конференциски капацитети.

Важно е да се напомене дека во моментот на подготовка на овој извештај, сè уште е во тек рокот за доставување апстракти, при што крајниот рок е утврден на 30 јуни 2025 година.

**Останати активности од меѓународен карактер**

Меѓународната соработка на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје се поттикнува и преку професорите на Факултетот кои делуваат како

национални контакт лица или членови на програмските комитети во програмите на Европска Унија. Во таа насока, значајно да се истакне е дека Проф. д-р Зоран Поповски е избран за потпретседател на управниот одбор на COST, а тројца професори од нашиот факултет делуваат како контакт лица други програми од Европска Унија, и тоа проф. д-р Марина Нацка, национално контакт лице на програмата Horizon Europe, Cluster 6-Food, Bioeconomy, Natural Resources, Agriculture and Environment; проф. д-р Зоран Димов, член на програмски комитет на програмата Horizon Europe, Cluster 6-Food, Bioeconomy, Natural Resources, Agriculture and Environment; и проф. д-р Александра Мартиновска Стојческа, национално контакт лице на програмата Marie Skłodowska-Curie Actions (MSCA) на ЕУ.

Како национални контакт лица, професорите учествуваа на редовни состаноци и настани за програмите, одржани во земјата и странство.

Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје беше претставен и на Интеркатедарската средба на агроекономистите од регионот, која се одржа во септември 2024 година.

**Асоцијација на факултети за земјоделски науки од Југоисточна Европа**

Во континуитет со активностите наведени во претходните извештаи, во текот на овој извештаен период беа интензивирани напорите за формализација на Асоцијацијата на факултетите за земјоделски науки од Југоисточна Европа. Како резултат на тие активности, во извештајниот период беше успешно основана и регистрирана Асоцијацијата во Централниот регистар на Република Северна Македонија, со што се обезбеди нејзин правен статус и основа за институционално дејствување.

Во рамки на овој процес, под водство на Претседателот на Асоцијацијата, проф. д-р Вјекослав Танасковиќ, беа спроведени активности за изработка и усвојување на основачките акти, деловникот за работа, како и други релевантни документи од значење за функционирањето и управувањето со Асоцијацијата. Овој чекор претставува значајна пресвртница во регионалното поврзување на факултетите од областа на земјоделските науки и отвора нови перспективи за заеднички иницијативи, проекти и стратешка соработка.

**Споделени информации за стипендии и тренинг програма наменети за студенти**

Во текот на извештајниот период редовно беа споделувани и информации за повици, стипендии наменети за студенти од прв, втор и трет циклус студии, како и за учество на обуки/летни школи од меѓународен карактер.

## ЗАСТАПУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО ФАКУЛТЕТОТ

Застапувањето и раководењето со Факултетот се одвиваше во согласност со законите, статутот и актите на УКИМ, статутот на ФЗНХ, одредбите од Правилникот за внатрешните односи и работење и другите акти на Факултетот. Раководењето на Факултетот се извршуваше преку работата и донесените одлуки од страна на Наставно-научниот совет и на Деканатската управа. Застапувањето на Факултетот во универзитетските тела и органи се одвиваше од страна на деканот, сенаторите од Факултетот, продеканите, како и членовите на универзитетските комисии од Факултетот.

Факултетот беше редовно застапуван и на меѓународно ниво, особено во учеството на состаноците на Асоцијацијата на факултети од земјоделските науки на ЈИЕ.

## РАБОТА НА НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ

Наставно-научниот совет на Факултетот одржа 10 редовни и 1 вонредна седница. На седниците се дискутираше и се носеа одлуки во поглед на кадровските решенија за избор на наставно-научни работници во сите звања. Во контекст на ова, треба да се истакне дека еден наставник во извештајниот период беше избран во звањето доцент, додека 5 наставници беа избрани во звањето редовен професор, со што се продолжи со активностите во насока на професионално напредување на кадровскиот потенцијал на Факултетот.

Во овој период се спроведе постапка и се избраа продекани на Факултетот за земјоделски науки и храна за мандатниот период 2024-2027 година. Се разгледуваа и се донесоа уште многу други одлуки во делот на наставните активности, како: Одлука за усвојување на Календарот на активности за академската 2024/2025 година; Одлука за преглед на ангажираност на наставници и соработници на прв и втор циклус универзитетски студии на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје во академската 2024/2025 година; Одлука за утврдување на испитни термини во есенскиот, зимскиот и летниот испитен рок за студентите на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје во академската 2024/2025 година; Одлука за формирање Конкурсна комисија за реализирање на конкурсот за упис на нови студенти на сите студиски програми на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје, во академската 2024/2025 година; Одлука за продолжување на рокот за завршување на додипломски студии на стари студиски програми за студенти запишани на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во состав на УКИМ во Скопје; Одлука за ангажирање визитинг професори, како и Одлука за ангажирање стручњаци од практиката за академската 2024/2025 година, за вршење на високообразовна дејност на студиските програми на Факултетот за земјоделски науки и храна − Скопје, во состав на УКИМ во Скопје; Одлука за усвојување распоред на часови за наставата во зимскиот и летниот семестар на I циклус студии на ФЗНХ, во академската 2024/2025 година; Одлука за

објавување на интерен оглас за ангажирање демонстратори во зимскиот и летниот семестар на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје за академската 2024/2025 година, како и Одлука за избор на 4 демонстратори; Одлуки за утврдување квоти за упис на студенти на сите студиски програми на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје, со цел отпочнување подготовки за изготвување на заедничкиот Конкурс на УКИМ за запишување студенти на прв, втор и трет циклус универзитетски студии во академската 2024/2025 година; Одлуки за ангажман на наставници од ФЗНХ за изведување на настава на други универзитети во странство и во рамки на единиците на УКИМ, Одлука за распределба на трошоците за студирање на трет циклус студии-докторски студии на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје, итн. Исто така, ННС на ФЗНХ ги разгледуваше и донесе одлуки за усвојување на финансиски извештаи по завршните сметки за 2024 година, се усвои Годишниот финансиски план за 2025 година на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје.

Исто така, се усвои и Програма за распределба на дел од средствата од партиципација за развој на наставна, научноистражувачката дејност и мобилност на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје за 2024 година на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје, а се донесе програма и за 2025 година. Во извештајниот период се донесоа и одлуки за прифаќање на завршните извештаи за проекти финансирасни од МОН и УКИМ, за продоложување на рокот за спроведување на активностите на проекти финансирани од УКИМ и за пријава на конкурси за проекти финансирани од домашни и странски донатори. Во овој период се спроведоа и постапки за издавање учебници и учебни помагала, се носеа и релевантните одлуки за докторските и магистерските трудови.

Наставно-научниот совет во извештајниот период донесе одлука за формирање на Организациски одбор за одржување на V. Меѓународен симпозиум за земјоделство и храна. Во овој период се донесе и Одлука за учество на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје како организатор или коорганизатор на неколку конференции и симпозиуми. Предложените точки на Наставно-научниот совет беа претходно разгледувани од телата на Факултетот задолжени за дадената проблематика (Деканатската управа, колегиуми на втор циклус и совет за втор циклус студии, совети за трет циклус и други соодветните комисии).

По повод денот на Факултетот, 16-ти декември, а во рамки на неделата на настани посветени на 77 години од постоење на Факултетот се организираше Свечена седница на Факултетот, а прославата се одвиваше традиционално преку одбележување со активности организирани во неколкудневни настани на Факултетот.

## РАБОТА НА ДЕКАНАТСКАТА УПРАВА

Во извештајниот период на Факултетот беа одржани 9 редовни и 2 вонредни седници на Деканатската управа. На седниците на Деканатската управа во извештајниот период беше донесена Одлука за спроведување редовен попис на основните средства, ситниот инвентар, материјали на залиха, парични средства, побарувања, обврските и фондовите, се усвои План за јавни набавки за 2025 година на Факултетот, од буџетски и сопствени средства, Одлука за користење на средства за репрезентација на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје, предлог Одлука за усвојување на извештај на програмата за реализирана распределба на дел од средствата стекнати од партиципација и кофинансирање на трошоците за студирање за 2024 година. Исто така, се разгледуваше и предлог-програма за распределба на дел од средствата од партиципација за развој на наставна, научноистражувачката дејност и мобилност на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје, како и предлог-финансиски извештаи по завршна сметка за 2024 година и предлог-годишен финансиски план за 2025 година на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје. На седниците на Деканатската управа во извештајниов период беа донесени одлуки за доделување на солидарна помош за повредените во трагедијата во Кочани, како и Одлука за определување на надоместок за демонстратори за академската 2024/2025 година. Особено треба да се истакне дека Деканатската управа имаше клучна улога во работата и донесувањето на правилникот за внатрешната организација на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Исто така и правилникот за систематизација на работните места на Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје (Анекс бр.15). Исто така и предлог Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата на вработените на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје.

## РАЗВОЈ, ИНВЕСТИЦИИ И ЈАВНИ НАБАВКИ

Модернизирањето и осовременувањето на наставно-научната работа останува и понатаму приоритет на Факултетот. Еден од предусловите да се постигне наведеното се инвестициите, но сепак, мора да се истакне дека недостатокот на посериозни финансии неповолно се одразува на можноста за поголеми инвестиции на сите нивоа во работењето на Факултетот.

Покрај редовните активности по основ на усвоениот план за јавни набавки, вредно да се истакне е обезбедувањето на капитални инвестиции од Министерството, а преку Универзитетот, кои се однесуваат на промена на осветлувањето на факултетот, набавка на земјоделска механизација – трактор и плуг за потребите на практичната работа на факултетот, набавка на компјутерска опрема, како и изведување на градежно-занатски активности поврзани со реновирање на санитарните јазли.

## СТРУЧНИ СЛУЖБИ НА ФАКУЛТЕТОТ

Во извештајниот период, вработените во стручната и административната служба, покрај тековните работи што произлегуваат од нивните права и обврски утврдени со Правилник за систематизација на работните места, Законот за високото образование и актите на Универзитетот и Факултетот, особено внимание посветија на новините што произлегуваат од новите закони или од нивните измени, со цел да се усогласи тековното работење со законите. За вработените на Факултетот во стручно-административната служба, обезбедени се обуки за напредување и усовршување. Извршена е и функционална анализа на вработените во стручната и административна служба на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје, како составен дел на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Согласно Правилникот за внатрешна организација на Факултетот, стручната и административна служба е организирана во следниве организациони единици:

- Одделение за општи и правни работи,
- Одделение за студентски прашања и библиотечно работење,
- Одделение за финансиско, сметководствено и материјално работење,
- Одделение за информатичка и компјутерска технологија.

Службата е високо ангажирана во навремено и ефикасно извршување на тековните работни задачи, како и на вонредните обврски кои произлегуваат од барањата и насоките на Деканатот, Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Државниот завод за статистика, ресорните министерства, како и другите надлежни институции.

Во извештајниот период, вработените во стручната и административна служба, покрај извршувањето на тековните обврски што произлегуваат од нивните права и должности утврдени со Правилникот за систематизација на работните места, Законот за високото образование и актите на Универзитетот и Факултетот, посветија особено внимание на следење и имплементација на новините што произлегуваат од донесувањето на нови закони и измените на постојните. Сето тоа е со цел тековното работење да се усогласи со законските регулативи и да се обезбеди усогласено и законито функционирање на институцијата.

Во таа насока, за вработените во стручната и административна служба беа обезбедени соодветни обуки со цел професионално напредување, надградба и унапредување на нивните вештини и знаења. Континуираното вложување во човечките ресурси претставува стратешка определба на Факултетот, со што се овозможува поефикасно, поквалитетно и транспарентно извршување на административните процеси во интерес на студентите, наставниот кадар и пошироката академска и општествена заедница. Службата максимално се ангажира навремено да ги извршува тековните, но и вонредните

обврски зададени од Деканатот, Ректоратот на УКИМ, Државниот завод за статистика, ресорните министерства и останати надлежни институции.

**Кадровски активности и стручни служби**

Кадровските потреби и понатаму претставуваат една од посериозните обврски со кои се соочуваат институтите и катедрите на Факултетот за земјоделски науки и храна, но и покрај ваквата состојба, наставата во потполност се одржува со вработените наставници и мал дел наставници ангажирани од другите единици на УКИМ. Недостатокот на постојана замена на кадарот на Факултетот кај административниот и помошно-техничкиот кадар, овој период од мандатот трајно се реши и подобри со вработувањето на неопределено на 8 лица во административниот и помошно-техничкиот кадар: раководител на Одделението за општи и правни работи, раководител на Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење, чувар, курир и хигиеничари. Како и примањето на 7 лица од кои 4 како виши лаборанти и 3 лаборанти.

Факултетот континуирано остварува писмена комуникација преку УКИМ до Министерството за образование и наука за добивање на согласност и за вработување на еден архивар, место кое е предвидено и со систематизацијата на работни места. Во периодот кои следи сме во исчекување на позитивен одговор и за унапредување на вработени на ФЗНХ-Скопје.

Во извештајниов период, услови за пензија исполнија двајца наставници, со што потребите за нови редовни вработувања уште повеќе се зголемуваат исто така во овој период во пензија замина и вработен во делот за помошно-технички кадар.

## ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Работата на Факултетот во овој важен сегмент е поврзана со активностите кои се наведени погоре во извештајот. Имено, финансиското работење, развојот и инвестициите на Факултетот и понатаму се предизвик, за што управата водеше соодветна и рационална политика на трошење на финансиските средства. И понатаму главен акцент се става на инвестиции и развојни активности согласно усвоената Програма за распределба на дел од средствата стекнати од партиципација на трошоците за студирање на Факултетот за земјоделски науки и храна, како и согласно Планот за јавни набавки донесен од страна на Деканатската управа.

Во овој период, важно да се истакне е дека факултетот обезбеди финансиски средства за капитални инвестиции и тоа за набавка на опрема и изведување на градежно-занатски активности. Во таа насока, во текот на периодот се спроведува јавна набавка за промена на осветлувањето на

факултетот, набавка на земјоделска механизација (трактор и плуг), набавка на компјутерска опрема, а се подготвува и техничката документација за реновирање на санитарните јазли. Со ова се потврдува дека факултетот постојано настојува преку разни мерки и активности да ја подобри финансиската состојба. Ова произлегува пред сѐ поради намалување на бројот на пријавени студенти во последниве години, кој укажува дека овој тренд не може многу да се промени во следниот период, за што особено влијание во годините наназад има наталитетот, миграцијата, како и влијанието на новоотворените факултети и универзитети во државата. Дополнително, за голем дел од потребните финансиски средства за наставните активности (теренска настава, лабораториски вежби), состојбата останува идентична како и во претходните години, односно Факултетот во рамките на своите можности обезбедува сопствени средства за реализација на овие активности. Генерално, покрај од партиципацијата на студентите, Факултетот се обидува дел од средства за нормално функционирање на својата дејност да ги обезбеди преку проекти и услуги од јавните повици за разни видови на овластувања од државните институции, преку соработки од анализи во акредитираните лаборатории и јавни овластувања добиени за потребите на стопанството, други видови на анализи и вештачења, проекти од разни меѓународни донатори со канцеларии во нашата држава, други соработки, итн. Особено е значајно во извештајниот период да се истакне забележителното подобрување на состојбата со платите на вработените, особено потпишаниот колективен договор со работодавец - УКИМ.

## ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДЕНОТ НА ФАКУЛТЕТОТ

Прославата на денот на Факултетот секако е една од позначајните активности во текот на годината. Денот од основањето на Факултетот за земјоделски науки и храна се чествуваше преку низа на настани организирани во недела на настани за одбележување на денот на Факултетот.

Во рамки на одбележувањето 77 години од постоење на Факултет за земјоделски науки и храна во Скопје во состав на УКИМ во Скопје, во периодот 12-17 декември, 2024 година беше организиран настан „Денови на кариера“.

Оваа година, во рамки на деновите на кариера ФЗНХ беше ко-организатор и настанот „Пчеларски ден – Знаење и Дружење“ со здружението MacBee, на 15.12.2024 година.

Свечената седница на Наставно-научниот совет на ФЗНХ се одржа на 16.12.2024 година, на која покрај Деканот на факултетот, свое обраќање го имаа Ректорката на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Заменик шефот на мисија во Швајцарска амбасада во Македонија.

15-та Смотра на студентски трудови се одржа на 12 Декември, исто така на овој ден за прв пат се одржа и Прва смотра на средношколски трудови. Под

мотото ЗАПОЗНАЈ ГО СВОЈОТ ВРАБОТЕН/РАБОТОДАВЕЦ се одржа и саемот на кариера.

Наредниот ден на 13.12.2024 година се реализира и СЕМИНАР ЗА СОВЕТНИЦИ наменет за вработените во Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството.

Во однос на СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ на 13.12.2024 во просториите на ФЗНХ-Скопје се одржаа и Турнир во шах, Турнир во пинг-понг, Турнир во табла, Турнир во пикадо. Во сите спортски активности големо учество имаше од вработените наставно научниот кадар и студентите на ФЗНХ, покана за сите активности имаше упатено и до другите единици на УКИМ во Скопје.

Факултетското планинарско друштво ,,АГРОНОМ” на 14.12.2024 организираше планинарска тура на Водно. Во рамките на овие настани беше реализирана и традиционалната Крводарителска акција.

На 17. 12. 2024 беше и Промоција на дипломирани студенти на прв циклус студии и магистри на земјоделски науки на ФЗНХ-Скопје.

## АКТИВНОСТИ НА СТУДЕНТИТЕ

Во периодот од 1 мај 2024 до 30 април 2025 година, Факултетското студентско собрание (ФСС) ги реализираше следните активности:

- Редовни состаноци, како и постојани контакти со претставниците на студентите од сите студиски години на ФЗНХ;
- Членови на Факултетското студентско собрание беа активно вклучени во Наставно-научниот совет и останатите комисии;
- Учество на Конференција организирана од Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ), на тема “Одржливост во производството на грозје и вино во Тиквешкиот регион“, на 18.11.2024 година;
- Учество на 9-тиот Конгрес за заштита на растенијата одржан во Златибор, Србија, во периодот од 25.11.2024 до 28.11.2024 година;
- Активно учество на членовите на Факултетското студентско собрание во обележувањето на 77 годишнината на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје и “Денови на кариера“ кои опфатија серија последователни настани, одржани во периодот од 12.12.2024 до 17.12.2024 година;
- На 05.03.2025 година, беа спроведени официјални избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје во состав на УКИМ во Скопје, за академската 2024/25 година. За претседател беше избран Никола Тосковски, студент на втор циклус студии на насоката Лозарство и винарство на ФЗНХ;

- Учество во организацијата на првиот “Квиз на знаење“ наменет за учениците од четврта година од средните стручни училишта од земјоделско-прехранбениот сектор, одржан на 11.04.2025 година.

## СОРАБОТКА СО ИНСТИТУЦИИ И ДРУГИ ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ

Факултетот имаше интензивна соработка со институции и стопанството, како резултат на што се потпишани меморандуми за соработка, а се реализираа и следниве активности:

- На 29.5.2023 година потпишан е Меморандум за соработка меѓу ФЗНХ и МАКЛЕР ДМП ДООЕЛ – Виница;

- На 24.7.2024 година, беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу "Факултет за Земјоделски науки и храна" и ДТТУ МОНТЕНЕГРО ул. Илинденска бр. 118 – Гостивар;

- На 10.9.2024 година беше потпишан и Меморандум за соработка помеѓу "Факултет за Земјоделски науки и храна" и ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО;

- На 9.10.2024 година потпишан е Меморандум за соработка меѓу ФЗНХ и ПИНК СУППОРТ – село Опила бб Ранковце;

- Факултет за Земјоделски науки и храна-Скопје потпиша меморандум за соработка на 21.10.2024 со АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕРИНАРСТВО – Скопје.

- На 28.10.2024 година Факултет за Земјоделски науки и храна-Скопје потпиша меморандум со АД Водостопанство на Р. С. МакедонијаУл. 3-та Македонска Бригада 1 бр. 10а Скопје.

- Факултетот на 11.11.2024 година потпиша меморандум со Агенција за потикнување на развој на земјоделството на РМ – Битола.

- На 27.3.2025 година ФЗНХ-Скопје потиша меморандум за соработка Друштво за земјоделски услуги АВИФЛАЈ ДОО увоз-извоз Ранковце.

- На 28.3.2025 година Факултет за Земјоделски науки и храна-Скопје потпиша меморандум со ДОО МАКПРОГРЕС, ул. Илинденска бб – Виница

- На 25.3.2025 година Факултет за Земјоделски науки и храна-Скопје потпиша меморандум со ЖИТО ЛУКС АД Скопје, ул.Македонско Косовска Бригада бр.44, - Скопје.

- На 27.3.2025 година Факултет за Земјоделски науки и храна-Скопје потпиша меморандум со ЖИТО ЛУКС АД Скопје, ул.Македонско Косовска Бригада бр.44, - Скопје.

## ЦЕНТАРОТ ЗА КАРИЕРА НА ФЗНХ

Центарот за кариера на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје претставува составен дел од Центарот за кариера на УКИМ во Скопје и во период од 1.5.2024 – 30.4.2025 година, во рамки на предвидените план-активности, спроведе низа на активности.

Центарот за кариера на ФЗНХ обезбедува информации за студентите за можностите за практикантство и спроведување на практична настава во текот на студирањето, дава поддршка на студентите и дипломците во планирањето и насочувањето на нивната кариера.

Во извештајниот преиод, сите активности и информации за настани беа споделувани на официјалната страна на ФЗНХ како и преку I – know системот (информации за стипендии, обуки, конференции и други можности за личен и професионален развој за креирање на својата кариера). Волонтерите на ЦК, како и дел од студентите членови на ФСС беа директно вклучени во активностите на Центарот. Студентите кои се вклучени во активностите на Центарот за кариера на ФЗНХ се ротираат во зависност од нивните обврски во текот на студиите, и располагаат со просторот во слободното време. Застапени се студенти од сите години на студирање, сите студиски насоки, независно од полот и националната припадност, кои самоиницијативно покажуваат интерес за општествено одговорна работа, ентузијазам и се посветени при ангажирањето во активностите на Центарот за кариера.

И оваа година продолживме да бидеме во директна врска со релевантни компании во државата што претставува клучен елемент за обезбедување пристап на студентите од академската средина до потенцијалните работодавачи и нивно понатаможно реализирање на пазарот на труд (Список на компании со кои ФЗНХ има склучено Меморандум за соработка: www.fznh.ukim.edu.mk)

Исто така, Центарот за кариера на ФЗНХ преку своите студенти продолжи да го промовира факултетот со просторните капацитети, лаборатории, наставен и соработнички кадар, како и студиските програми пред новите генерации млади за запишување и студирање на оваа високообразовна институција.

Во извештајниот период (1.5.2024 – 30.4.2025 година) преку Центарот за кариера беа реализирани голем број на активности:

- Средби со бизнис заедницата и институциите како главни чинители во развојот на земјоделско-прехранбениот сектор со потпишување на меморандуми за соработка (линк: : www.fznh.ukim.edu.mk);

- Средување на околината околу ФЗНХ од страна на студентите и наставниците заедничка акција за расчистување на отпад;

- Организација и учество на ,,Ден на кариерен развој’’ УКИМ на платото пред УКИМ, со цел доближување на компаниите до студентите, мотивација и поттикнување за понатамошен кариерен развој;

- Спроведени активности за зачувување на животната средина, како: ,,Меѓународен ден за рециклирање’’ 17 мај, 2024/2025 година за да се подигне свеста за одговорност и за важноста на правилното отстранување на отпадот;

- Одбележување на почетокот на академската 2024-2025 година на ФЗНХ – Скопје во состав на УКИМ во Скопје;

- Учество на студентите (логистичка поддршка) во организирање и реализирање на Отворените денови на УКИМ (ФЗНХ, 14, декември, 2024);

- Организирање работилници за подготовка при барање работа на студентите за подобрување на личните вештини: пишување CV, мотивациско писмо, учење на техники за интервју, развивање презентациски вештини;

- Учество на настан: ,,Справување со стрес во секојдневниот живот (здрави стилови на живот): Како да превенираме Burnout?" во организација на Центар за кариера и одбор за поддршка (алумни) на Правен факултет ,,Јустинијан Први" во Скопје. Говорник: научен соработник др.сци Анета Спасовска Трајановска, од Клиниката за психијатрија при Медицинскиот факултет на УКИМ (20, декември, 2024);

- Акција за уредување на дворот на факултетот со поддршка на алумни на ФЗНХ (30 септември, 2024);

- Отворен повик за ангажирање на студенти – волонтери од страна на канцеларијата на Центарот за кариера на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје, во состав на Центарот за кариера на УКИМ во Скопје за академската 2024-2025;

- Организирање на средби со стопанството, каде се промовираа кадри од ФЗНХ Саем за кариера (декември, 2024);

- Изложба на студентски ракотворби на волонтерите на ЦК на ФЗНХ (25 декември, 2024) со организирање на лотарија и дегустација на домашни производи;

- Предновогодишна забава заедничко дружење со сите ЦК на биотехничкиот кампус и Алумни ФЗНХ (27 декември, 2024);

- Подигнување на лозови градини во просторот на ФЗНХ (март, 2025) студенти- волонтери под раководство на професори од Катедрата за лозарство и винарство;

- Организирање на ,,Отворени денови'' на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје во рамки на традиционалниот настан ,,ОТВОРЕН ДЕН на УКИМ'' (ОТВОРЕН ДЕН на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј" во Скопје (5 декември, 2024) Организирање на отворени денови на факултатот за средношколците - матуранти (април, 2025);

- Традиционални средби со младите со акцент на значењето на производството на храна и зачувувањето на природата од најрана возраст (посети на деца од градинки, основни и средни училишта на ФЗНХ);

- Промовирање на волонтеризам кај младите: студенти на ФЗНХ; Акција за средување на просторот на Центарот за кариера - професори и студенти на ФЗНХ (11.2.2025);

- Организација и учество на ЦК во рамки на манифестацијата на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје, по повод празникот Св. Трифун - заштитник на винарите, лозарите и овоштарите, на Опитното поле ФЗНХ (14.2.2025);

- Во рамки на своите активности ЦК одржа ни неколку неформални состаноци (според моменталните потреби на студентите) и еден официјален Состанок на 20.2.2025 година, во просторијата на Центарот за кариера, со единствена точка за доставување: Предлог активности за 2025 година;

- Саем на образование - Студентарија мк 2025 - 15 и 16 март 2025 - Сити Мол Скопје ЦК Фзнх- ЦК на УКИМ;

- Учество на настанот „ДЕН ЗА КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА УКИМ" 14 и 15 април, 2025 година, на кампусот на техничките факултети на УКИМ (во организација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Центарот за кариера на УКИМ, во соработка со Бордот на европски студенти по технологија – БЕСТ Скопје.

- Одржани предавања за научно-истражувачката работа на ФЗНХ од страна на наставниот и соработнички кадар на Факулттеот од раслични области во рамки на одделни институти (проф. д-р Ана Котевска, проф. д-р Фросина Бабановска Миленковска, проф. д-р Зоран Поповски, проф. д-р Среќко Георгиевски, проф. д-р Крум Бошков, проф. д-р Златко Арсов, проф. д-р Тошо Арсов, проф. д-р Ордан Чукалиев, проф. д-р Звонко Пацаноски, проф. д-р Иле Цанев, проф. д-р Елизабета Мискоска Милевска, проф. д-р Ѓоко Буневски, проф. д-р Златко Пејковски, проф. д-р Александра Силовска Николова, м-р Стојанче Нечковски и м-р Надица Сандева) за ученици од средните училишта во Скопје: ,,Марија Склодовска – Кири'', СУГС ,,Браќа Миладиновци'' во Драчево, како и за ученици од СОУ „Орде Чопела" – Прилеп, СОУ ,,Крсте Петков Мисирков'' - Демир Хисар, СОУ ,,Киро Бурназ'' - Куманово (декември, 2024 – април 2025);

Во извештајниот период ЦК на ФЗНХ имаше интензивирање на соработката со Црвениот крст на Македонија:

- Организација на настан „ПСИХОЛОШКА РЕЗИЛИЕНТНОСТ И ДОБРО МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ" кој ќе се одржи на 28 април, 2025 година на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје, организиран од страна на Центарот за кариера на ФЗНХ во состав на Центарот за кариера на УКИМ во Скопје.

Факултетското студентско собрание, а со поддржка на Црвениот крст на РСМ. Работилница наменета за сите студенти од биотехничкиот кампус - предавач проф. д-р Ана Фрицханд од Институтот за психологија на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Центарот за кариера на ФЗНХ преку свој претставник во Советот на Центарот за кариера на УКИМ учествуваше во работата на ЦК на УКИМ на 4

редовни состаноци: 18 јуни 2024, 7 ноември, 2024, 7.02. 2025 и еден онлајн состанок ЦК Уким (18 октомври 2024);

Во месец септември, 2024 година, Универзитетскиот сенат го усвои новиот Правилник за работа на Центарот за кариера на УКИМ;

Интензивирана соработката со останатите Центри за кариера на единиците на УКИМ, во координација со советникот на Центарот за кариера на ФЗНХ како одговорно лице за Центрите за кариера на факултетите и институтите од Биотехничкиот кампус (Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг ,,ХАНС ЕМ'', Факултет за ветеринарна медицина, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, Факултет за земјоделски науки и храна, Земјоделски институт – Скопје, Институт за сточарство и рибарство);

- Координативен состанок 29.10.2024 година на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје (записник доставен до раководителите на центрите за кариара од Биотехничкиот кампус на единиците и институтите на УКИМ)
- Организација на настан „ПРАКТИЧНИ ПРИМЕРИ ОД КРУЖНАТА ЕКОНОМИЈА ВО ПРЕХРАМБЕНИТЕ ОБЛАСТИ" 15 мај, 2025 година, на Факултетот заземјоделски науки и храна - Скопје, организиран од Центарот за кариера на ФЗНХ во склоп на Центарот за кариера на УКИМ-Скопје. Предавач стручњак од пракса: дипл. технолог Мери Илиеска.

Во мај 2024 година, се реализираше поставената цел на Центарот за кариера за формирање на основна база на податоци (алумни) за сите дипломирани, магистрирани и докторирани колеги на нашиот Факултет. Денес оваа база брои 500 членови.

Центарот за кариера на ФЗНХ работи на волонтерска база и сите активни членови (наставен, соработнички кадар, студенти и алумни на ФЗНХ) со својот ентузијазам се носители на сите спроведени активности.

* * *

На крај дозволете ми, во овој извештај, да се заблагодарам на моите продекани, колегите проф. д-р Ивана Јанеска Стаменовска, проф. д-р Билјана Кузмановска и проф. д-р Тошо Арсов, на Раководителите на сите институти, како и на членовите на Комисиите на факултетот, за конструктивната и коректна соработка во реализацијата на работата на Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје.

Исто така, сакам да се заблагодарам и на останатите членови на Наставно-научниот совет, на другите вработени ангажирани во наставно-научниот процес, како и на стручните служби во деканатот, пред се на Одделението за општи и правни работи -Теодора Анастасовска, Мирослав Стојчевски, Елизабета Димковска и Петар Стојчевски; Одделението за студентски прашања и библиотечно работење - Кристина Илиоска Манасива, Викторија Соколовска, Стојанче Нечковски; Одделението за финансиско,

сметководствено и материјално работење - Ивана Попова, Тања Дамјановска, Валентина Аждерска; Одделение за информатичка и компјутерска технологија - Ива Манасиевска и Горан Велковски. Благодарност и до вработените кои се грижат за хигиената на ФЗНХ и чуварската служба. Кај нив и кај скоро сите вработени во службите на деканатот секогаш наидував на соодветно разбирање, со единствена цел работите да бидат реализирани во согласност со потребите на тековното работење на Факултетот.

Скопје, 2025 година

**Декан**

**Проф. д-р Миле Маркоски**